МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ПСИХОЛОГИЈА ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

СТУДЕНТ: **СЛАВИЦА КУЗМАНОВА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **214 005**
МЕНТОР: **ПРОФ.Д-Р МИРОСЛАВ ПЕНДАРОСКИ**

Свети Николе, 2022

Содржина

I. ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ 6

1. Семејно насилство 6

1.1. Поим насилство 6

1.2. Поим семејство и семејно насилство 8

1.3. Облици на семејно насилство 14

1.4. Семејно насилство според жртвата 18

1.4.1. Насилство врз жена 18

1.4.2. Насилство врз маж 23

1.4.3. Насилство врз дете 25

1.4.4. Насилство врз постаро лице 32

1.5. Етиологија на семејното насилство 36

1.5.1. Традицијата и патријахалното воспитување како причина за семејното насилство 36

1.5.2. Дисфункционалност на семејството како причина за семејното насилство 37

1.5.3. Економската нестабилност како причина за семејното насилство 39

1.5.4. Алкохолизам и наркоманија како причина за семејното насилство 39

1.5.5. Психички пореметувања и душевни болести како причина за семејното насилство 40

1.6. Последици од семејното насилство 41

1.7. Семејното насилство и образованието 47

1.8. Релевантни истражувања на проблемот 50

2. Нормативно правна рамка и семејното насилство 53

2.1. Меѓународна регулатива поврзана со семејното насилство 53

2.2. Домашната законска регулатива и семејното насилство 62

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 65
1. Предмет на истражување 65
2. Цел на истражувањето 66
3. Задачи на истражување 66
4. Истражувачки прашања кои произлегуваат од зададените хипотези 67
5. Хипотези на истражување 67
6. Варијабли на истражување 68
7. Методи, техники и инструменти на истражување 68
8. Популација и примерок.....68
9. Статистичка обработка на податоците.....69
10. Организација и спроведување на истражувањето.....69
11. Анализа на резултатите од истражувањето.....69
Заклучок 79
Литература 82
Прилог 1: Анкетен прашалник.....89

Вовед

Насилството претставува комплексен, повеќеслоен проблем на поединецот, семејството и општеството. Комплексноста на проблемот, кој лесно се мултиплицира, е изразена во фактот дека циклусот на насилство е тешко да се прекине. Последиците од насилството го загрозуваат здравјето и животот на поединецот, репродуктивната и економската моќ на заедницата.

Семејното насилство е исклучително сериозен проблем кој поминал многу долг пат од начинот на препознавање, преку приватен проблем на самото семејство, до сериозен општествен проблем и кршење на основни човекови права. Станува збор за појава која се јавува во секое општество, во рамките на семејството или партнерските односи, без оглед на возраста, полот, класата, образованието, верската припадност или политичкото определување.

Семејното насилство не е изолиран, поединечен случај, туку претставува шаблон на повторувачки однесувања. Се вбројува во „феномени со долго траење“ и како социјално-патолошка појава која го следи развојот на семејството од самите почетоци. Со поимот семејно насилство честопати како синонимен се наведува поимот насилство над жените, иако насилството во семејството претставува поширок поим – опфаќа и насилство над децата и постарите и немоќни лица, но и насилство врз мажите. Без оглед кој од облиците на насилство се случува и на кој член од семејството, семејното насилство структурално придонесува кон дисфункционалност на семејството, а посебно придонесува кон развојот на нарушувања во однесувањето кај децата.

Овој труд има за цел да ја согледа поврзаноста помеѓу степенот на образование на жртвата и насилникот со семејното насилство. Исто така, треба да ги зголеми знаењата во однос на разработената проблематика, како и да овозможи нејзино подобро разбирање. Авторот се надева дека со овој магистерски труд ќе придонесе кон зголемувањето на свеста за семејното насилство, нешто што е многу важно посебно за традиционална и патријахална средина, како што, во поголемиот дел, е македонската.

Трудот е организиран во два дела. Во првиот дел е даден теоретскиот осврт на семејното насилство и нормативно правната рамка на семејното насилство. Во ова поглавје се објаснети основните поими, како што се: семејство, насилство и семејно

насилство, видовите на семејно насилство според жртвата, облиците на семејно насилство, како и истражувањата кои се спроведени во однос на истата проблематика. Следува краток осврт на меѓународната и македонската законска регулатива по однос на прашањето за семејно насилство. Во вториот дел е претставена методологијата на истражувањето: предмет, цели, хипотези, задачи, презентирани се добиените резултати од направеното истражување како во табеларен, така и во графички приказ.

На крајот од трудот се наоѓаат соодветни заклучоци и препораки во однос на семејното насилство, како и литературата користена при креирањето на овој труд.

I. ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

1. Семејно насилство

1.1. Поим насилство

Насилството како општествена појава се толкува на многу различни начини, па така постојат негови различни тероетски сфаќања и соодветни дефиниции.

Насилството се дефинира како:

- секое однесување кое има за цел нанесување на штета на друго лице[1];
- намерна употреба на физичка сила и моќ, закана или акција против себе, против друго лице или против група луѓе или на целата заедница, што би можело да резултира или резултира со повреда, смрт, психолошки последици, лишување или занемарување[2];
- секоја реакција, физичка или вербална, изведена со намера некому да му се нанесе штета или повреда од кој било вид, без оглед дали таа намера е до крај изведена или не[3];
- различни акти, постапки и однесувања на поединци, групи, општествени институции, организации или друштва во односите кон луѓето, кои вклучуваат примена на физичка, психичка, политичка или некоја друга сила со која се загрозува физичкиот, психичкиот или социјалниот интегритет на човекот и предизвикува различни физички и психички оштетувања и други неповолни последици[4];
- одраз на целокупната ситуација во општеството, бидејќи на појавата на насилство влијаат настани во политичките, општествените, научните, образовните и други структури на едно општество[5].

Јасно е дека меѓу авторите нема согласност околу поимот насилство, но и дека незаобиколни негови одредници се силата и заканата. За разбирање на насилството потребно е да се земат предвид причините на ниво на поединец, на ниво на непосредна

[1] Žarković Palijan, T. (2004). Značajke osobnosti alkoholičara počinitelja i nepočinitelja kaznih djela, doktorska disertacija, Medicinski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.
[2] World Health Organization (2002). World report on violence and health. World Health Organization. Geneva.
[3] Žužul, M. (1989). Agresivno ponašanje. Penološke teme, Zagreb, 1; 123 - 144.
[4] Milosavljević M., Nasilje nad decom, Fakultet političkih nauka, Beograd 1998, 33
[5] Bronfenbrenner, U. (2005). Making human beings human: Bioecological perspectives on human development. Thousand Oaks, CA: Sage.

општествена околина, поширока општествена заедница и културата во најширока смисла[6].

Насилството само по себе е сложен феномен и на него може да се гледа како на состојба која во емоционална, акциска или мотивациска смисла се изразува, пред сè, како нагон, а потоа како гнев, непријателство и агресија врз лице. Насилството подразбира шест фактори:

1) намера да се повреди или да се предизвика штета;
2) интензитет и времетраење;
3) моќ на насилникот;
4) ранливост на жртвата;
5) недостаток на поддршка и
6) последици.

Станува збор за најсилната форма на невербална комуникација, а особено најизразената форма на невербална комуникација. Тоа може да се разбере само доколку се сфати врската помеѓу повеќе фактори - макросоцијални, психолошки, психосоцијални и фактори поврзани со родовата социјализација, социјалната структура која е постојан извор на стрес и личните проблеми. Затоа, за проучувањето на овој феномен неопходен е интердисциплинарен пристап, особено сеопфатно истражување и запознавање со феноменологија, етиологија, последиците, како и развојот на појавата и нејзина превенција[7].

Постојат неколку групи фактори кои се сметаат за ризични за насилничко однесување[8]:

- семејни и генетски фактори;
- нарушена социјална когниција;
- социо-економски статус на семејството;
- меѓучовечки влијанија;
- припадност на врснички групи со проблематично однесување;
- влијание на мас-медиумите и пошироки културолошки фактори.

[6] Čudina – Obradović, M., Obradović, J. (2006). Psihologija obitelji i braka. Zagreb: Golden Marketing - Tehnička knjiga.
[7] Mamula, M., Ručević, S., Vukmanić, M., Zvizdić, M. (2013). Nasilje prepoznaj i spriječi (proživljeno iskustvo žena u teoriji i praksi). Sarajevo: Udruženje Žene ženama.
[8] Ибид.

Жртвите на насилство најчесто се изолирани и се борат со повеќе проблеми, како што се: отуѓеност, депресија и недостаток на социјална компетентност, што го прави секој нивен понатамошен социјален контакт многу потежок или целосно невозможен[9] и доведува до неможност за справување со секојдневните тешкотии, губење на самодовербата, самопочитта, неможност за хармоничен и квалитетен личен раст и развој, а со тоа и неможност за квалитетен живот и за жртвата и за нејзиното семејство, партнерот и децата. Ова претставува особено сложен проблем бидејќи последиците од насилството се пренесуваат не само на другите членови на семејството, туку и на следните генерации.

1.2. Поим семејство и семејно насилство

Семејството претставува сложен општествен феномен кој отсекогаш бил предизвик кога станува збор за негово поимно одредување или сеопфатно дефинирање.

Во најширока смисла, семејството може да се дефинира како „историски променлива општествена заедница во чии рамки се одвива процесот на природна репродукција - преку процесот на раѓање, растење и смрт на нови членови, но и нивна социјална и културна социјализација, со што поединецот се воведува во процесот на персоналитет, индивидуализација, грижа, зачувување на стабилноста и интегритетот на неговите членови“[10].

Многу автори, кога зборуваат за семејството и неговата дефиниција, се обидуваат да издвојат некои елементи, кои според нив ја сочинуваат суштината на семејството. Така, тие често ги истакнуваат и издвојуваат како основни карактеристики на семејството: бракот, семејните функции, раѓањето деца, социјализацијата, воспитувањето деца, но и многу други. Современите социолози семејството го дефинираат како „општествена група заснована на сродство и заедница во кои се реализираат различни врски и функции“[11].

[9] Milašin, A., Vranić, T. i Buljubašić Kuzmanović, V. (2009). Ispitivanje učestalosti verbalne agresije kod djece i mladeži. Život i škola, 22(2), 116-141.
[10] Minic V., Kompirovic T. (2014). Funkcija i problem savremene porodice u vaspitanju dece ranog uzrasta. Zbornik radova Uciteljskog fakulteta, 8, 27-40
[11] Милић, А. (2001). Социологија породице, Чигоја, Београд

Во однос на односите застапени во семејството, можат да се издвојат две основни видови врски: брачни односи (кои подразбираат однос помеѓу мажот и жената) и роднински односи (односите меѓу родителите и децата, но и односите помеѓу самите деца и родниниte). Во некои извори може да се види класификација на семејството како психолошка заедница, во која како најважна карактеристика се истакнува семејната атмосфера и нејзината важност за развојот на детето. Со тоа се наметнува уште една дефиниција, според која семејството е „прва емоционална и социокултурна средина во која се формира детето“[12].

На меѓународен план, семејството се дефинира во Општата декларација за човекови права на Обединетите нации од 1948 година. Дефиницијата е широка и гласи: „Семејството е природна и основна ќелија на општеството и има право на заштита од оштеството и државата“.

Во праксата на Европскиот суд за човекови права, формирана врз основа на толкувањето на правото за почитување на семејниот живот (член 8 од Европската конвенција за заштита на човековите права и лични слободи), можно е да се најдат рамковни елементи за дефиниција на семејството. Европскиот суд за човекови права секогаш и без исклучок ги смета брачните другари и вонбрачните партнери за членови на семејството. Родителите и нивните деца, секако вклучувајќи ги и вонбрачните или посвоените деца, ја уживаат безрезервната поддршка на Судот во однос на признавањето на правото на почитување на семејниот живот. Односот меѓу брат и сестра, како и односот меѓу постарите сродни лица и внуците, Судот го смета за вистински семеен однос. Кога станува збор за партнерите во истополовите заедници, за кои Европскиот суд во неколку наврати изјави дека сè уште нема консензус меѓу земјите членки на Советот на Европа за нивното изедначување со истополовите заедници, хомосексуалната врска отсекогаш била заштитена во практиката на Судот, повикувајќи се на правото на почитување на приватниот живот.

Во македонскиот правен систем семејството е дефинирано во два закони, во Законот за семејство и во Кривичниот законик. Според првиот закон, семејството претставува „животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување“.[13]

[12] Вилотијевић, Н. (2000). Породична педагогија, Папирус, Београд
[13] Закон за семејство на РМ (Службен весник на Република Македонија, број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21)

Според Кривичниот законик, „под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.“[14]

Постојат закони од областа на семејството, во современите права, кои не содржат дефиниција на семејството. Како причина за тоа се наведува ограничувањето на поимот семејство со прецизна дефиниција. Имено, семејните односи се развиваат забрзано, се појавуваат нови форми на семејство кои биле непознати во претходните историски периоди, па тие би останале надвор од правниот концепт на семејство, доколку со дефиницијата за семејство се определи кои се членовите на семејството. На пример, во современи услови, во некои земји, семејството на лица од ист пол добива и правна важност, овозможувајќи им на партнерите од ист пол да посвојат дете или да станат родители преку примена на зачнување со биомедицинска помош[15].

Проблемот на дефинирање на семејството се поврзува со многу социолози, биолози, педагози, филозофи и психолози. Освен тоа, семејството дури и го разбираат поинаку и некои од неговите најблиски членови: децата, родителите, блиските и подалечните роднини, а таа самата како основна клетка на општеството претставува богат извор на сознанија и развојни поттици.

Одредниците „насилство“ и „семејство“ неминовно ја одредуваат смислата на насилството во семејството. Дефиницијата за семејно насилство може да биде конструирана од различни причини и во различни контекси. Насилството може да биде дефинирано од страна на неколку актери: оној над кој е извршено насилството (жртви), оној кој врши насилство (насилник), од страна на оние кои се занимаваат со проблемот насилство (научници, судии, адвокати, социјални работници, психолози) или оние кои го набљудуваат насилството[16]. Со оглед на тоа дека семејното насилство е повеќедимензионален социјален проблем, којшто се дефинира преку нејзините индивидуални манифестации и нивната етиологија, не постои универзална дефиниција за изразување на неговата комплексност. Затоа за оваа појава има

[14] Кривичен законик на РМ („Службен весник на Република Македонија“, број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018)

[15] Ковачек, Станић, Г. (2010). Породично право, Нови Сад.

[16] Hearn, J. & McKie, L. (2010). Gendered and social hierarchies in problem representation and policy processes: Domestic violence in Finland and Scotland. Violence Against Women 16(2).136-158.

различни дефиниции и објаснувања, според афинитетите на тие кои се занимаваат со овој проблем.

Можеби наједноставното објаснување за семејното насилство е дека тоа е однесување со кое еден член на семејството го загрозува телесниот интегритет, менталното здравје или спокојот на друг член од семејството.

Друга дефиниција на семејното насилство е група однесувања чија цел е контрола над друго лице со употреба на сила, застрашување и манипулирање[17].

Други автори го дефинираат семејното насилство како секој чин или пропуст, во меѓусебната интеракција или динамика на меѓусебните односи со кои на друго лице му се нанесува физичко или психичко зло, со физичка или психичка сила, индивидуално или колективно[18].

Семејното насилство вклучува многу форми на навредливо однесување и претставува модел на присилно однесување, чија последица е физичко малтретирање или закана од физичко малтретирање, повторувачко психичко малтретирање, силување, социјална изолација, лишување, заплашување, економска уцена и други форми на злоставување на членови од семејството[19].

Семејното насилство е збир на однесувања на одредени лица кои користат сила или моќ, заплашување или манипулација за да наметнат контрола врз други лица и секогаш претпоставува злоупотреба на таа моќ во односите засновани на нееднаквост. Семејното насилство може да се дефинира како збир на однесувања насочени кон контролирање на другите луѓе преку употреба на сила, заплашување и манипулација. Ваквата дефиниција за насилство може да се примени на најчестите форми на семејно насилство - физичка злоупотреба, емоционална злоупотреба, сексуална злоупотреба, материјална и трудова експлоатација[20].

Според Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство од 2011 година: насилство во семејството или семејната заедница се сите дејствија на физичко, сексуално, психичко

[17] Simović M. N., Simović V. M. (2020). Porodično nasilje u Bosni i Hercegovini: pojam, uzroci i pravni standardi, Sokolac: Nasilnički kriminalitet – seksualna delinkvencija i nasilje u porodici, JZU Zavod za forenzičku psihijatriju, 146.
[18] Шепаровић З. (1988). Насиље у обитељи: појаве, узроци, решења, Дубровник: Југословенско виктимолошко друштво,
[19] Ајдуковић Д. (2000). Насиље над женом у обитељи. Загреб: ДПП
[20] Ајдуковић, М., Павлековић, Г. (2000). Насиље над женама, Загреб: Друштво за психолошку помоћ

или економско насилство што се случуваат во семејството или домаќинството или помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без разлика дали сторителот на насилство го дели или го делел истото живеалиште со жртвата. Оваа дефиниција го проширува семејното насилство на сите настани во семејството или домаќинството, без оглед на односот меѓу насилникот и жртвата.

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство во Република Северна Македонија, семејното насилство се дефинира како „малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не“[21].

Семејното насилство, по правило, претставува модел на однесување, а не изолиран инцидент. Меѓу комплексните причини за семејното насилство клучна улога има патријахалниот модел на семејни односи, во кој насилството е прифатлив, вообичаен, па и пожелен облик за „дисциплинирање“ на непослушните членови на семејството, најчесто жени и деца. На појавата на насилство влијаат и други општествени, посебно економски фактори, како и меѓугенерациската трансмисија на насилството.

Со оглед на зачестеноста на семејното насилство, литературата вели дека „семејството е најнасилната група во општеството, со исклучок на полицијата и војската“, и дека едно лице има повеќе шанси да биде убиено и повредено во семејството отколку во која било друга општествена средина[22]. Резултатите од истражувањата покажуваат дека, исклучувајќи ја војската за време на војна, семејството е социјалната институција со најмногу насилство[23]. Според податоците на ОН, првата причина за смрт или инвалидитет кај жените на возраст од 15 до 45 години

[21] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)
[22] Petrušić, N., Konstantinović Vilić, S. (2012). Vodič kroz sistem porodičnopravne zaštite od nasilja u porodici. Beograd: Autonomni ženski centar, Niš: Ženski istraživački centar za edukaciju i komunikaciju
[23] Ибид.

не се болестите или сообраќајните несреќи, туку насилството, а најопасно место за жената е нејзиниот дом.

Семејното насилство се случува и постои во сите земји, без разлика на нивниот степен на општествен напредок. Начинот на кој државата реагира на оваа општествено неприфатлива појава е различна и е условена од бројни фактори. Еден од значајните фактори што влијае на изборот на формата и начинот на реакција од страна на државата, покрај културата и традицијата, е и специфичноста на овој облик на насилство, што произлегува од посебниот однос меѓу жртвата и силеџијата. Имено, за разлика од насилството кое се јавува меѓу лица кои не се во блиски односи, кои често не се познаваат поединечно, во овој облик на насилство имаме луѓе кои најчесто биле или сè уште се во блиска емотивна врска. Воспоставеното гледиште дека семејството е приватна работа на секој поединец и дека проблемите кои што произлегуваат во него треба да се решат во неговите рамки, доведува до одбивање на жртвата да сведочи против насилникот што го оневозможува или отежнува успешното спроведување на постапката. Ситуацијата дополнително ја усложнува финансиската и материјалната грижа за децата, чувството на срам и понижување и често страв кај самата жртва, финансиска зависност на жртвата, страв од реакцијата на јавноста итн. Овие и многу други околности што го придружуваат семејното насилство, ги има не само кај нас, туку и во сите други земји.

Секоја година животите на жените, децата и мажите се менуваат или уништуваат од лица кои вршат семејно насилство врз нив. Емоционални, физички лузни и уништувања кои се резултат на тоа се очигледни во социјалната и криминалната статистика. Насилството може да биде отворено, бесрамно и директно во лице. Меѓутоа, насилството исто така може да биде суптилно и одоколу. Тоа може да експлодира на сцената или постепено да навлезе во семејните и меѓучовечките односи.

Еден од првите чекори во решавањето на проблемот со семејното насилство е неговото признавање. Многу често е тешко да се препознае, бидејќи може да се манифестира во различни облици.

1.3. Облици на семејно насилство

Светската здравствена организацијата насилството го класифицира во три големи групи:

- насилство кон себе, што вклучува самоповредување и самоубиство;
- меѓучовечко насилство, кое се однесува на семејното насилство (насилство врз деца, насилство врз партнер и насилство врз постаро лице) и насилство во рамките на заедницата (насилство врз лица кои насилникот ги знае и насилство кон луѓе кои насилникот не ги познава);
- колективно насилство кое најчесто се организира и се насочува од една кон друга група заради постигнување политички, економски и социјални цели.

Според истата организација (СЗО), согласно природата на насилниот чин, насилството може да биде:

- физичко - употреба на сила без разлика дали настанала или не физичка повреда (туркање, удирање, притискање, физичко спречување на движењето, фрлање предмети, уништување работи околу куќата итн.);
- сексуално - секој сексуален чин, обид да се постигне сексуален чин, несакан сексуален коментар и слично и
- психичко насилство, т.е. примена на психолошка принуда која предизвикала чувство на страв, закана, повреда на достоинството, вербално насилство, пцовки, занемарување на своите средства за комуникација итн.

Доколку со насилството се сака нешто да се добие, тогаш станува збор за инструментално насилство. За насилството се вели дека е непријателско во случај кога се сака да се нанесе болка или да се повреди некој друг.

Насилството е директно кога е насочено директно на лице или лица на кои се сака да им се нанесе болка и на работи кои се сака да се уништат или оштетат. Индиректното насилство е насочено кон супституирани цели.

Друга класификација на насилството е на активно и пасивно[24]. Пасивното насилство е во вид на занемарување, додека активното е во вид на физичко, психолошко или сексуално злоставување од различен интензитет.

Семејното насилство вклучува:

[24] Nedimović, T., Biro, M. (2011). Faktori rizika za pojavu vršnjačkog nasilja u osnovnim školama. Primenjena psihologija, 4, 229-244.

- Физичко насилство
- Психичко насилство
- Економско насилство и
- Сексуално насилство.

Физичкото насилство е најчесто наведувана и најмалку спорната форма на насилство во семејството. Во споредба со другите видови насилство, физичкото насилство е најлесно за докажување, бидејќи по правило се работи за предизвикување видливи повреди[25]. Во оваа група на насилство се класифицираат бројни манифестации и многу различни агресивни дејствија, како што се: туркање, шлаканица, удирање, фрлање на жената до sид, влечење за коса, фрлање предмети кон или во близина на жена, до опасни инциденти за живот како закана, или пукање во жена со огнено оружје, како и напад и прободувања со ножеви или други остри предмети[26].

Во македонското законодавство физичкото насилство се дефинира како „секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата.“[27]

Физичкото малтретирање е најчестиот облик на насилство, што го потврдуваат многу истражувања. Така, на пример, во една студија која опфатила примерок од 300 случаи на семејно насилство во периодот од 1995 до 2005 година – 97,7 % од жртвите претрпеле физичко насилство[28].

Психичкото насилство е намерно однесување кое сериозно го нарушува психолошкиот интегритет на личноста преку закана или принуда. Овој тип на насилство често му претходи или следи физичко и сексуално насилство во партнерска врска или семејство. Сепак, може да се појави и во која било друга средина, како на пример, во училиште, работно место итн[29]. Психичкото насилство се рефлектира во

[25] Лукић, М. (2003). Криминолошка анализа насиља у породици (магистарска теза). Ниш: Правни факултет Универзитета у Нишу
[26] Walker, M. E. (2007). Because it is my heart: A qualitative case study of the influence of spirituality and creativity in the recovery of a mother and daughter from childhood sexual trauma. Unpublished doctroal dissertation, Texas A & M, Corpus Christi, Texas.
[27] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)
[28] Antović, A. R., Stojanović, J. (2017). Sudsko-medicinske karakteristike porodičnog nasilja. Srpski arhiv za celokupno lekarstvo, 145(5-6), str. 233.
[29] Ignjatović, T. et. al. (2016). Korak ka boljoj zaštiti: priručnik za unapređenje koordiniranog odgovora nadležnih službi na nasilje prema ženama, Kikinda: Udruženje građanki/građana, Centar za podršku ženama

различни форми, како што се: навреди (тешки навреди, пцовки, прозивки), понижување, омаловажување, изолација, ограничување на движењето и изложеноста, како и контакт со други луѓе, особено со примарното семејството, како и со други роднини и пријатели, преку заплашување кое се врши со уцена и закани. Покрај горенаведеното, формата на психичко насилство се рефлектира и во манифестацијата на доминација над жената, уништување драги предмети, забрана за спиење, определување на тоа што таа ќе облече и слично[30].

Согласно македонското право, психичкото насилство се објаснува како „секое однесување со употреба на присилба, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и психичкиот интегритет на жртвата.“[31]

Додека физичкото наслство претставува континуиран терор, јасно препозналиво загрозување на физичкиот интегритет, кој предизвикува бес, страв и немоќ кај жртвата, психичкото насилство претставува ерозија на самопочитувањето и способноста за самостоен живот и одлучување, а најчесто предизвикува чувство на срам и понижување кај жртвата[32].

Економското насилство ги вклучува сите оние однесувања со кои мажот воспоставува контрола над можностите за стекнување, користење и располагање со економските ресурси од страна на жените, што ја доведува во прашање нејзината економска сигурност и капацитет за независност[33]. Покрај горенаведеното, во литературата се споменати и други форми на економско насилство врз жените, како што се: забрана за вработување, ускратување на правото на образование или здравствена заштита, целосна контрола врз домашниот буџет, ограничување и/или конфискација на финансиски средства, давајќи ограничени пари на жената, постојани проверки на потрошените пари, ставање на жената во позиција да моли за пари, одбивање за учество на жената во донесувањето финансиски одлуки, недавање информации за семејните приходи/расходи, уцена со финансиски средства,

[30] Pejak-Prokeš, O. (2006). Nasilje u porodici. Glasnik Advokatske komore Vojvodine, 78(1-2), str. 46-58
[31] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)
[32] Остојић Е. (1999). Други поглед на свет- Не живјети са насиљем, Зеница: Медика
[33] Adams, D., Adrienne E., Sullivan, C. M., Deborah, B., and Greeson. R. M. (2008). Development of the Scale of Economic Abuse, Violence Against Women, 14 (5): 563–588.

оштетување или уништување на имотот на жената, неплаќање алиментација и слично[34].

Во Република Северна Македонија економското насилство се дефинира како „секое дејствие на ограничување или спречување во остварување и/или располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата.“[35]

Економското насилство во семејството сè уште тешко се препознава, а постоечките законските решенија во современото право го прават економското насилство „невидливо“, па жртвите често не можат да го докажат постоењето на овој вид насилство. Како економското насилство жртвите се принудени да избираат помеѓу две опции: дали да останат во насилна врска или да раскинат, соочувајќи се со економски тешкотии и евентуална сиромаштија и бездомништво.

Насилниците понекогаш прибегнуваат кон сила за да ги приморат своите економски независни партенери да го продадат својот имот, елиминирајќи ја на тој начин нивната економска сигурност.

Кога станува збор за економско насилство врз жената, често се случува тоа да продолжи и по напуштањето на насилниот партнер – најчесто преку неисполнување на обврските кон децата, односно преку неплаќање на алиментација.

Сексуалното насилство е најделикатната форма на насилство што една жена може да го доживее, особено ако тоа се случува во семејството. Оваа форма на насилство обично се поврзува со инцест и сексуална злоупотреба во детството или адолесценцијата, од крвен роднина или друго блиско лице. Во партнерските односи, особено во бракот, сексуалното насилство останало долго време непознато бидејќи традиционалното воспитување не ја поддржувало индивидуализацијата на жената во бракот, па било нејасно каде завршува нејзината брачна обврска, односно што се нејзините потреби и желби[36].

Според одредени автори, овој вид насилство го вклучува секој сексуален чин во кој девојката или жената се впуштаат против својата волја, под притисок или закана

[34] Ajduković, M. i Pavleković, G. (ur) (2000). Nasilje nad ženama u obitelji. Zagreb: Društvo za psihološku pomoć.

[35] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

[36] Pejak-Prokeš, O. (2006). Nasilje u porodici. Glasnik Advokatske komore Vojvodine, 78(1-2), str. 46-58

со сила, без доброволна согласност или без можност за давање согласност[37]. Се однесува и на сексуалната контрола на репродуктивните права и каква било форма на сексуална манипулација извршена од страна на сторителот на насилство, којашто може да предизвика емоционална, сексуална или физичка деградација.

Во македонското законодавство стои дека „сексуално насилство постои и кога се наведува или присилува друго лице да се вклучи во дејствија од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите.“[38]

Според студија спроведена на примерок од 35 жени кои доживеале сексуално насилство, 54 % од нив изјавиле дека тепањето било редовна придружба на силувањето, 20 жени изјавиле дека биле силувани повеќе од 20 пати додека биле во врска со насилникот и една од спитаниците изјавила дека била силувана по 3 пати на ден во текот на 8 години брак[39].

Сексуалното насилство има свои специфичности кои се согледуваат во можностите за предизвикување специфични последици по жртвата. Краткотрајните или долготрајни емоционални потешкотии, како што се: анксиозност, шок, интензивен страв и суицидни намери можат да бидат пропратени и со полово преносливи болести, несакана бременост, прекин на бременоста, повреда на фетусот како и фертилитет[40].

1.4. Семејно насилство според жртвата

1.4.1. Насилство врз жена

Најраспространета форма на семејно насилство е партнерското насилство. Според Европскиот институт за рамноправност на полови, партнерското насилство претставува секое дело на физичко, сексуално, психичко или економско насилство кое се случува помеѓу поранешни или сегашни брачни другари или партнери, независно од тоа дали извршителот на насилството го дели или го делел истото живеалиште со

[37] Levy, B. (2008). Women and Violence. California: Seal Press
[38] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)
[39] Kennedy-Bergen R. (1995). Surviving Wife Rape: How Women Define and Cope With the Violence. Violence Against Women. 1, no.2, 117-138..
[40] Ибид.

жртвата[41]. Светската здравствена организација го користи и терминот интерперсонално насилство. Овој термин укажува на интимноста на врската што го создава контекстот за овој вид насилство, но не укажува на родот.

Партнерското насилство не е системски дефинирано на меѓународно ниво и главно се опишува како сегмент од семејното насилство. Во литературата и практиката постои исклучително големо несогласување за тоа како се перципира и објаснува насилство врз жените. Заедно со сиромаштијата, миграцијатата, тероризмот и другите социјални проблеми на современиот свет, академскиот третман на насилството врз жените го рефлектира високо политизираниот контекст[42]. Соодветно на тоа, определувањето и дефинирањето на насилството во партнерските односи често се користи како политичко оружје во различни општествени конфронтации[43].

Според македонското законодавство, насилството врз жените се дефинира како „кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово-базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот“[44].

Чести се ситуациите каде одговорноста за насилството им се препишува на жртвите. Исто така, луѓето ги оправдуваат или „амнестираат“ насилничките однесувања како грешки и отстапки кои им се наметнати, а кои всушност не се нивна вина[45]. Кога во фокусот ќе се стави семејството, според ваквото резонирање, може да се каже дека тоа го форсира културниот стереотип за семејството како место на мир, разбирање и солидарност. Така, различните видови буткање, плескање, удирање, штипење претставуваат ритуализирано ненасилно насилство кое сите членови на

[41] European Institute for Gender Equality (2017). Glossary of definitions of rape, femicide and intimate partner violence;
[42] Ellis, D. (1987). The wrong stuff: An introduction to the sociological study of deviance. Toronto: Collier Macmillan.
[43] Симић, И. (2012). Дискурси о породичном насиљу и наративи жена жртава партнерског насиља Докторска дисертација. Београд: Универзитет у Београду, Филозофски факултет
[44] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)
[45] Loseke, D. R. (2003). Thinking about social problems: An introduction to constructionist perspectives. (2nd ed). New York: Aldine DeGruyter.

семејството си ги прават еден на друг: децата меѓусебно, родителите, интимните партнери[46].

Постојат и мислења според кои студиите за насилството врз жените често се идеолошки обоени и вештачки за да се преувеличат проценките за неговата распространетост заради политички придобивки и поени[47].

Некои антифеминистички истражувачи тврдат дека жените се исто толку насилни како и мажите, така што честите чинови на насилство врз жените, како што се: убиство, обид за убиство, сексуален напад или напад по развод/разделба, не се вклучени во нивната дефиниција за насилство во интимните односи[48].

Но, доколку оперативната дефиниција на насилството во партнерските односи се ограничени на областа на кривичното право, односно до различни правни акти, тогаш речиси сигурно ќе се добијат пониски проценти за распространетоста на насилството врз жените. Потесната правна дефиниција за насилството во партнерските односи води до фактот дека релевантните податоци за распространетоста на насилството и субјективните искуства на жртвите се маргинализирани или занемарени[49]. Исто така, креаторите на политиките, кои често користат такви дефиниции, практикуваат да почитуваат само статистички големи бројки, добиваат нерепрезентативни податоци, врз основа на намаленото правно толкување на насилничкото однесување, па соодветно на тоа, се намалува и финансирањето за овие проблеми. Што се однесува до позициите на самите жртви, тесната дефиниција на насилство ги обесхрабрува злоупотребените жени да побараат општествена поддршка. Во пракса, често се случува одредени однесувања на машкиот партнер што жената ги поднесува, да не одговараат на она што официјалните судски службеници, политичари, истражувачи или јавноста го одредува како злоупотреба, што може да ја збуни жртвата на насилство. Таа го препознава трпењето на одредени видови злоставувања, но не може да ги дефинира или категоризира на таков начин така што може да побара помош и да ја добие општествена заштита. Околината може дополнително да влијае на создавањето чувства на вина кај жртвата (за она што го

[46] Ибид.
[47] Dutton, D. G. (2006). Rethinking domestic violence. Vancouver: University of British Columbia Press
[48] Archer, J. (2000). „Sex differences in aggression between heterosexual partners: A meta-analytic review—, Psychological Bulletin, 126 (3): 651–680.
[49] DeKeseredy, W. S. (2009). „Girls and women as victims of crime—, in Barker, J. (ed) Women and the criminal justice system: A Canadian perspective. Toronto: Emond Montgomery Publications, pp. 313-345

преживува) што потоа може да ја обесхрабри нејзината одлука за барање помош и добивање заштита[50].

Пошироките дефиниции за насилство имаат тенденција физичкото, сексуалното, економското и психолошкото злоупотребување да не се исклучуваат меѓусебно. Психичкото насилство може да биде исто така грубо и безобѕирно како и физичкото[51]. Жените кои се жртви на насилничко однесување често наведуваат дека повредите од физичките напади можат да се „залечат“ со текот на времето, додека нарушувањето на самодовербата, како резултат на емоционално, вербално или духовно насилство, ги опфаќа речиси сите сфери од нивниот живот. Без оглед на тоа дали психичкото насилство предизвикува поголема штета отколку физичкото насилство, жените кои се изложени на насилство од партнерот ретко се жртви на само еден облик на насилство. Токму фактот што жените најчесто се изложени на комбинација од различни видови повреди од нивните партнери, говори за потребата за поширока дефиниција на насилството во партнерските односи. Со ова се согласуваат и феминистичките научници кои сметаат дека поширокаta дефиниција укажува на значењето на половата специфицираност на феноменот, со кој жените јасно се идентификуваат како примарна мета на насилството во интимните односи. Главниот аргумент за афирмирање на родово сензитивни дефиниции произлегува од резултатите од бројни студии кои покажуваат дека во повеќето случаи жените се жртви на насилство од интимниот партнер, дека мажите обично користат насилство како форма на моќ и контрола и дека женското насилство во интимните односи обично е резултат на самоодбрана[52]. Ако се користи поширока дефиниција за насилство и конфликти од она што е законски регулирано, вкупниот процент на случаи на насилство ќе биде многукратно поголем[53].

[50] Pitts, V . L., & Schwartz, M. D. (1993). Promoting self blame among hidden rape survivors, Humanity& Society, 17: 383–398.
[51] Adams, D., Adrienne E., Sullivan, C. M., Deborah, B., and Greeson. R. M. (2008). Development of the Scale of Economic Abuse, Violence Against Women, 14 (5): 563–588
[52] DeKeseredy, W. S. and Dragiewicz, M. (2009). Shifting public policy direction: Gender-focused versus bidirectional intimate partner violence. Report prepared for the Ontario Women‘s Directorate. Toronto: Ministry of Citizenship and Immigration
[53] DeKeseredy, W. S., and Schwartz, M. D. (2011). Theoretical and definitional issues in violence against women, in Renzetti, C. M., Edleson, J. L. and Bergen R.K. (eds) Sourcebook on violence against women. Thousand Oaks: Sage, pp. 3-20

Одредени автори во врска со насилството меѓу интимните партери го користат и терминот микрорегулација на партерското однесување[54]. Со овој поим се опфатени различните видови на однесување и тактики кои мажите ги користат со цел притисок врз слободата на нивниот партнер со кој се обезбедува контрола во партнерскиот однос. Обезбедувајќи зголемување на вкупниот износ на моќ и контрола на насилникот, насилството има инструментална функција – на жртвата ѝ се оневозможува автономија, моќ и самоактуелизација[55]. Насилството во интимните партерски односи се случува во ситуации кога лицето користи сила или закана за да обезбеди контрола над интимниот партнер[56].

Една од најцитираните дефиниции за насилство врз жените, на која се повикуваат многу светски истражувања, е онаа на Обединетите нации од Декларацијата за елиминирање на насилството врз жените од 1993 година. Таа насилството врз жените го одредува како „каков било акт на родово засновано насилство што резултира или може да резултира со физичка, сексуална или психолошка повреда или страдање на жена, вклучително и закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали е во јавниот или приватниот живот“. Покрај оваа дефиниција, дадено е и образложение дека е неопходно е да се признае дека насилството врз жените е манифестација на нееднакви односи на моќ меѓу мажите и жените, која трае низ историјата на човештвото и која доведе до доминација на мажите над жените, дискриминација на жените и неможност за напредување на жените во општеството. Во декларацијата се нагласува дека насилството врз жените е еден од клучните општествени механизми за овековечување на подредената положба на жената во однос на мажите. Исто така, се наведува дека некои групи жени се особено ранливи на насилство, како што се припадниците на малцинските групи, постарите жени, жените погодени од сиромаштија или инвалидитет, бегалците или мигрантите, жените од руралните области или изолираните заедници, женските деца, жените во различни институции, во притвор или оние во области зафатени од војна.

[54] Stark, E. (2007). Coercive control: How men entrap women in personal life. New York: Oxford University Press.
[55] Peters, J., Shackelford, T. K. and Buss, D. M. (2002). „Understanding Domestic Violence Against Women: Using Evolutionary Psychology to Extend the Feminist Functional Analysis—, Violence and Victims, 17(2): 255-264.
[56] Levy, B. (2008). Women and Violence. California: Seal Press.

Важноста на дефиницијата за насиство врз жените од Обединетите нации е голема бидејќи укажува на одговорноста на државата кон човековите права на жената, но и препознава дека насилството врз жената е родово базирано насилство кое истовремено е и јавен и приватен проблем. Насилството се смета за институционализирано кога е толерирано, прифатено или оправдано од правниот систем, религијата, јавната политика, организацијата на работата итн[57].

И според Советот на Европа насилството врз жените е резултат на нееднаквоста на моќта меѓу мажите и жените, а кршењето на човековите права и слободи доведува до сериозна дискриминација на жените (во општеството и семејството), што го отежнува обезбедувањето мир, еднаквост и демократија во општеството.

Некои автори сметаат дека е неопходно, доколку се земат предвид пошироките дефиниции за насилство, да се води сметка и за културните норми и разликите во општествената моќ меѓу мажите и жените[58]. При утврдување на распространетоста на насилството, постојат различни, често контрадикторни критериуми за утврдување на постоење на различни форми на насилство во интимните односи, поради фактот што културните дефиниции се разликуваат по различни заедници и земји, бидејќи некои однесувања може да се сметаат за насилни во една заедница, а не и во друга[59].

1.4.2. Насилство врз маж

Семејното насилство врз мажите е насилство кое го доживуваат мажите или момчињата во рамките на интимните врски, како што се: брак, кохабитација, романтична врска или во рамките на семејството[60]. Некои автори тврдат дека мажите се подеднакво често, ако не и почесто жртви на насилство од страна на романтичниот партнер, но насилството над жените може да се окарактеризира како она кое носи повеќе последици[61]. Но она што е сигурно е дека насилството над мажите е секако

[57] Levy, B. (2008). Women and Violence. California: Seal Press.
[58] Dasgupta, S. D. (2002). „A framework for understanding women's use of nonlethal violence in intimate relationships—, Violence Against Women, 8: 1364-1389
[59] Shrader, E. (2001). Methodologies to Measure the Gender Dimensions of Crime and Violence.— Washington: Gender Unit, Latin America and the Caribbean Region: The World Bank
[60] Srivastava, J. (2016). Domestic Violence against Men, International Journal of Science and Research (IJSR), 5 (1), 1193-1196
[61] Fergusson, D. M., Horwood, L. J., & Ridder, E. M. (2005). Partner violence and mental healthoutcomes in a New Zealand birth cohort. Journal of marriage and family, 67 (5), 1103- 1119

пооптеретено со предрасуди, со молчење и, за жал, со срамот на жртвите поради што податоци за овој вид на насилство има многу малку[62]. Истражувањата покажуваат дека е помалку веројатно мажите кои се жртви на семејното насилство тоа насилство и да го пријават и да побараат помош[63].

Во последните неколку десетлетија сè повеќе се дебатира за тоа дека и мажите можат да бидат жртви на семејно насилство. Така, Светската здравствена организација при дефинирањето на семејното насилство како важен општествен и здравствен проблем, истакнува дека и мажите се жртви на насилство од страна на интимните партнери и се сексуално злоставуваи во рамките на хетеросексуални, но и хомосексуални врски[64].

Истражувања покажуваат дека главна причина за семејното насилство врз мажите е доминантното однесување на жената (81.8 % случаи), следната причина е желбата на жената за внимание од сопругот (72.7 %), потоа жениното инсистирање дека е секогаш во право (72.7 %), самоодбрана (54.5 %), неисполнување на сексуалните потреби (27.3 %), повисокиот доход на жената (27.3 %), невработеноста на сопругот (27.3 %) и други[65]. Други автори ја истакнуваат токму самоодбраната како една од главните причини за насилство над жените врз мажите и/или одмаздата против машкиот партнер[66]. Некои од поттикнувачите за насилство се кога партнерката не го добива она што го сака, нејзината љубомора, како и наглите промени на расположението[67].

Негативните последици за мажите кои се жртви на насилство во семејството произлегуваат од самиот факт „дека нивниот партнер е тој што ја контролира нивната врска“[68], бидејќи таквата распределба на моќта во врската е против социјалните и

[62] Poredoš Lavor, D., Jerković, S. (2011). Nasilje nad muškarcima, Policija i sigurnost, 20 (3), 400-406
[63] Tjaden, P., & Thoennes, N. (2000). Extent, nature, and consequences of intimate partner violence: Findings from the National Violence Against Women Survey
[64] Hogan, K. (2016). „Men's experiences of female-perpetrated intimate partner violence: A qualitative exploration“, докторат, Faculty of Health and Social Sciences, University of the West of England
[65] Srivastava, J. (2016). Domestic Violence against Men, International Journal of Science and Research (IJSR), 5 (1), 1193-1196
[66] Dobash, R. P., & Dobash, R. E. (2004). Women's violence to men in intimate relationships working on a puzzle. British journal of criminology, 44 (3), 324-349.
[67] Hogan, K. (2016). „Men's experiences of female-perpetrated intimate partner violence: A qualitative exploration“, докторат, Faculty of Health and Social Sciences, University of the West of England
[68] Yoon, J. E., & Lawrence, E. (2013). Psychological victimization as a risk factor for the developmental course of marriage. Journal of Family Psychology, 27 (1), 53.

брачните очекувања за мажите[69]. Ваквиот третман во рамките на семејството или интимните односи може да резултира со недоверба кон жените воопшто, страв од доверба и воспоставување односи во иднина. Семејното насилство е исклучително трауматично искуство кое може да предизвика дури и симптоми на посттрауматско стресно растројство, „психијатриска состојба која може да го следи искуството на трауматски инцидент, а нејзините симптоми имаат тенденција да се групираат во три димензии: постојано повторно доживување на траумата, упорно избегнување стимули поврзани со траума и упорно зголемено возбудување[70]. Семејното насилство може да резултира дури и со долгорочни тешкотии и проблеми кои тешко се ублажуваат без стручна помош. Тешко забележливите форми на насилство врз жртвите остават сериозни емоционални и психолошки последици, жртвата живее во страв и постојано очекување од повторено насилно однесување, а овој постојан притисок може да доведе до зголемена социјална изолација и несигурност на жртвата[71]. Жртвите често страдаат од депресија и самоубиствени мисли.

1.4.3. Насилство врз дете

Од почетокот на човековата цивилизација, насилството врз децата е феномен кој отсекогаш оставал длабока трага и последици врз психосоцијалниот развој на детето. Со оглед на карактеристиките на развојниот период, како што се зависност од други, беспомошност, чувствителност на надворешни влијанија, детето е лесно подложно и чувствително на негативни влијанија од најтесното семејно опкружување. Последиците од таквите влијанија се долготрајни, погубни за психосоцијалниот развој на детето и често остануваат за цел живот.

Детето не може само да се заштити во семејството, затоа што е крајно ранливо и е во зависна положба. На детето му е потребна родителска љубов, чие задоволување е основна човечка потреба. Колку се помали децата, толку повеќе се зависни од родителите, бидејќи уште од самото раѓање и во првите години од животот детето не може да преживее без грижа и љубов. Колку се помали децата, толку е поголема

[69] Jambrešić, I. (2016). „Nasilje u romantičnim odnosima“, prvostupnički rad, Filozofski fakultet, Sveučilište J. J. Strossmayera u Osijeku, Osijek
[70] American Psychiatric Association. (1994). Diagnostic and statistical manual of mental disorders (4th ed.). Washington, DC: Author.
[71] Poredoš Lavor, D., Jerković, S. (2011). Nasilje nad muškarcima, Policija i sigurnost, 20 (3), 400-406

обврската на родителите да ги заштитат. Колку повеќе треба да бидат заштитени, толку е поголема можноста дека ќе бидат злоупотребени.

Историски гледано, децата често се сметале за имот, биле предмет на барањата на семејството и општеството и немале никакви права. Во патријархалните семејства, таткото одлучува како треба да се води грижа за детето, дали (во некои култури) детето ќе биде продадено, напуштено, па дури и дали да му биде дозволено да живее. Со текот на времето, концептот за тоа како да се третираат децата и што се смета за злоупотреба или запоставување се промени.

Точниот обем на злоупотреба и запоставување на децата во семејството е непознат, бидејќи е тешко да се одреди со оглед на тоа што овие форми на семејна патологија ретко се откриваат, а откриените тешко се докажуваат. Ваквата состојба е предизвикана од тоа што злоупотребата и запоставувањето на децата се врши во затворена семејна средина, која ги прикрива најразновидните облици на загрозување и повредување на физичкото и психичкото здравје на детето. Сигурно е дека неусогласеноста на дефинициите за злоупотреба и занемарување влијае на различната проценка на обемот на овие појави, во зависност од дефинициите на авторите. Исто така, невозможно е да се зборува со поголема сигурност за вистинската големина на овие појави, бидејќи не е создаден единствен систем за следење и собирање податоци. Сепак, иако една од најраспространетите социјални реакции на злоупотреба и занемарување на децата е да се негира самото нејзино постоење или да се минимизира степенот на нејзината распространетост, постојат многу основи за претпоставка за релативно голем обем од овие појави.

Дефинирањето на поимот насилство врз децата е сложено, па се среќаваат различни изрази, како што се: злоупотреба на детето, запоставување на детето, занемарување на детето, агресивно однесување кон детето, злосторства врз детето, воспитно запустено дете. Постојат различни дефиниции за овој поим кои се резултат на бројни медицински, психолошки, правни, социолошки, криминолошки истражувања и дефинирање на оваа појава.

Поширокатa дефиниција на насилство врз детето опфаќа: „дете чиј нормален раст и развој е загрозен и оневозможен, физички казнувано дете, дете чии физички и психички потреби се грубо занемарени“[72].

Насилството подразбира активен, во развојна смисла штетен и нехуман однос кон детето, лошо постапување, чинење на разни непријатности кои му штетат на детето и разни облици на мачење, како што се: задавање на болка, нанесување телесни и душевни маки, чинење од кое детето страда од повреди, понижување и презир[73].

Според Светската здравствена организација „злоупотребата или злоставувањето на детето ги опфаќа сите облици на физичко и/или емоционално злоставување, сексуална злоупотреба, занемарување или немарна постапка, како и комерцијална или друга експлоатација, што доведува до вистинско или потенцијално нарушување на здравјето на детето, негово преживување, развој или достоинство во рамките на односите кои вклучуваат одговорност, доверба или моќ“[74].

Дефиницијата прифатена од земјите членки на Европскиот Совет гласи: „за насилство може да се говори кога едно или повеќе лица ја кршат недопирливата зона, толку често, отворено и жестоко, да може да се смета дека нормалниот развој на детето пати во тој процес“[75].

Според некои автори, поимите злоставување и злоупотреба се блиски и подразбираат: „штетен и несоодветен однос кон децата, при што тие се третираат како објекти, а не како субјекти во тој однос“[76].

Во последните две децении, злоупотребата и запоставувањето на децата во развиените земји добива посебно внимание поради последиците што ги предизвикува врз севкупниот развој и животот на децата. Посебно е значаен сегментот на насилство врз децата во самото семејство и од најблиските членови на семејството (родители, старатели, браќа и сестри, очув, маќеа).

---

[72] Константиновић-Вилић, С., Николић-Ристановић, В., Костић, М. (2009). Криминологија, Пеликан принт, Ниш
[73] Жегарац, Н., (2006). Деца која чекају. Београд: Colografx
[74] Ишпановић-Радојковић, В., Игњатовић, Т., Вујовић, Р., Стевановић, И., Срна, Ј., Жегарац, Н. (2006). Приручник за примену Општег протокола за заштиту деце од злостављања и занемаривања, Дегрaпласт, Београд
[75] Љубојев, Н. (2009). Злостављање детета у породици, Социјална мисао, вол. 16, бр. 1, стр. 63-77
[76] Ибид.

Зголемената чувствителност на современите општества на различни форми на нехумано, експлоатирачко или сурово постапување кон децата се рефлектира во развојот на идејата за правата на децата, сè појасното укажување на различни студии и истражувања за долгорочните и тешки последици од насилство врз децата, развој на социјална работа и разни професионални услуги за заштита на децата и семејствата[77].

Заедничко за сите форми на злоупотреба и занемарување се наследени и научени обрасци на однесување кои се пренесуваат од генерација на генерација, од родител на дете, од сторител до жртва на злоупотреба. Повеќето од оние кои биле жртви на злоупотреба во детството стануваат и самите насилници.

Правната дефиниција за злоупотреба на деца во Соединетите Американски Држави наведува дека тоа е неочекувана физичка, сексуална и/или емоционална повреда на детето, било со директно дејство, со пропуст или со занемарување од страна на лицето кое се грижи за него[78]. Најчестите форми на насилство врз децата кои се среќаваат во домашната и странската литература се злоупотреба и запоставување. Злоупотребата обично вклучува физичка, сексуална и емоционална (ментална, психолошка) злоупотреба.

Светската здравствена организација ја дава следната дефиниција за физичкото насилство на деца: „она што доведува до вистинска или потенцијална физичка повреда како резултат на некаква интеракција или недостаток на интеракција, што потпаѓа под разумен надзор на родител, или лице кое е на положба на која има одговорност, моќ над детето или негова доверба“[79]. Овој облик на насилство најлесно се открива поради последиците што ги остава зад себе, па затоа во литературата се споменуваат индикатори кои укажуваат дека детето било физички малтретирано.

Кога станува збор за индикаторите, физичките индикатори вклучуваат повреди на меките ткива, скелетот, внатрешните органи; бихевиоралните индикатори вклучуваат носење соодветна облека за да се прикријат трагите на насилство, додека тензијата кај детето е исто така присутна; семејните индикатори подразбираат други форми на семејно насилство што се вршат врз други членови[80]. Присуството на еден од индикаторите обично укажува дека детето можеби било злоупотребено или

[77] Žegarac, N. (2004). Deca koja čekaju – izazovi i trendovi profesionalne prakse u zaštiti dece od zlostavljanja. Beograd, Save the children UK, Centar za prava deteta
[78] Chambliss, W. J. (2011). Crime and Criminal Behavior. Thousand Oaks: SAGE Publications
[79] Ибид.оп.цит.74
[80] Ибид. оп.цит.77

запоставено, иако индикаторите може да укажуваат и на долгорочни извори на траума или тешкотии со кои се соочува детето. Така, на пример, модринки може да се предизвикаат од паѓање, тепачка со други деца, така што тие не мора нужно да бидат поврзани со злоупотреба.

Имајќи предвид дека физичката злоупотреба подразбира различни видови на употреба на сила и директен напад врз животот и телото на детето, што може да резултира со смрт на детето, некои од начините се[81]:

- удирање;
- шлаканици;
- гушење;
- извртување на делови од телото;
- кубење;
- врзување;
- целно предизвикување на различни симптоми на болест кај детето;
- потопување на прстите во врела течност;
- клоцање;
- давење;
- нанесување изгореници со жар од цигари или на други начини.

Според методот и средствата, можеме да разликуваме три групи на физичко насилство[82]:

1) група полесно насилство со пократко траење - се користат удари со рака и тупаница;
2) група на потешко насилство - се користат различни можности за удирање на детето;
3) група на најтешко насилство - присутна садистичка тортура и тешки повреди.

Ако се изостават екстремните ситуации на насилство, кои можат да резултираат со смрт на детето, останатите последици се однесуваат на неговата психофизичка состојба и може да се движат од директно загрозување на животот и тежок инвалидитет, до трајни деформации во формирањето на личноста на детето.

[81] Ибид.оп.цит.75
[82] Ибид.оп.цит.72

Психичкото насилство се однесува на заплашување, постојана критика, потценување, емоционални закани и уцени, создавање несигурност кај детето, посесивно однесување, поставување нереални очекувања во однос на детето, вербална злоупотреба, изложување на детето на притисок, непочитување на детето, злоупотреба на довербата, неисполнување на ветувањата, емоционална резервираност, префрлање на вината, изолација на детето, вознемирување.

Психичкото насилство содржи неколку карактеристични форми на родителско однесување, меѓу кои:

- отфрлање и деградирање - вклучуваат вербални или невербални дејствија на родителите или старателите кон детето кои развиваат чувство на понижување и безвредност;
- заплашување - се однесува на однесување на возрасен човек што предизвикува страв кај детето дека некоја личност или нешто блиско ќе биде повредено или убиено;
- изолација - однесување на возрасните кое го спречува детето да развива нормални социјални односи со другите деца и возрасните во неговата околина;
- емоционална експлоатација - доведува до социјално несоодветно и деструктивно однесување, т.е. дозволување на асоцијално однесување, како што се: проституција, употреба на алкохол или опојни супстанции;
- игнорирање - негирање на емоционалната достапност, имено, на детето не му се покажува љубов;
- занемарување на менталното здравје и посебните образовни потреби на детето - родителот неоправдано одбива, го запоставува третманот што е неопходен за подобрување на менталното здравје или посебните образовни потреби на детето.

Детето кое е психички малтретирано од родителите ретко ќе го признае тоа, а ретко и ќе биде свесно дека е жртва на злоупотреба, бидејќи насилникот често користи некои од методите за манипулирање со детето, за да ја скрие својата вина и товарот на одговорноста и вината за таквото однесување го префрла на детето. Сето она што детето го трпи во периодот на развој подоцна има негативно влијание врз неговата личност и живот, па нема да може јасно да го види светот во кој живее и ќе има погрешна слика за себе и за околината. Иако ова е еден од облиците на злоупотреба

што тешко се забележува на телото на детето, неговото постоење и последиците лесно се гледаат во однесувањето и односите на детето со околината.

Сексуалното насилство претставува забранет сексуален контакт помеѓу возрасен и сексуално незрело дете со цел да се задоволат сексуалните потреби на возрасното лице или да се добијат економски придобивки (детска проституција и порнографија).

Сексуалното насилство на деца е застапено во сите општества и култури, подеднакво е застапено како во урбаните, високообразувани семејства, така и во посиромашните и рурални краеви и пониски општествени слоеви[83]. Единствената разлика е во тоа што на богатите општествени слоеви им се пружаат повеќе шанси за прикривање на злосторството, поради нивната положба. Самата информираност на општеството е слабо, бидејќи во ситуации каде е изразено насилството, многу малку се зборува за тоа. За разлика од психичкото насилство, сексуалното насилство е многу полесно да се открие поради изразените физички показатели.

Што се однесува до карактеристиките и особините на децата кои се жртви, тие можат да се поделат во две групи:

1) деца кои се плашат или не се свесни дека им се прави нешто незаконско и лошо;
2) деца кои отворено се соочуваат и се бранат, отворено зборуваат за својот проблем и се трудат да го заштитат својот интегритет.

Кај детето, кое е жртва на сексуалното насилство, се губи основното чувство, а тоа е чувството на сигурност и заштита, што предизвикува светот да се гледа како непријателско место. Детето е во зависна положба, во која родителите се одговорни за задоволување на неговите основни потреби, па со негирање на нив, детето прво се чувствува збунето, потоа чувствува страв и очај и на крајот вина, бидејќи смета дека е виновно за сè што му се случува.

На индивидуално ниво, факторите на ризик од злоупотреба и занемарување на децата може да се групираат во преклопувачки области на демографски (социјални, биолошки, когнитивни), афективни и бихевиорални карактеристики.

Демографските и социјалните фактори на ризик вклучуваат: небиолошки родители, самохрани родители, родители на помлада возраст, пониско ниво на

[83] Karakurt, G., Silver, K. (2014). Therapy for Childhood Sexual Abuse Survivors Using Attachment and Family Systems Theory Orientations, The American Journalof Family Therapy, 42:79-91

образование, голем број деца, невработеност, социјална изолација и родителска историја (дали родителите доживеале некаков облик на злоупотреба). Биолошките фактори на ризик вклучуваат: невролошки, физиолошки и физички здравствени проблеми[84].

Когнитивните и афективните фактори на ризик за злоупотреба и занемарување на децата вклучуваат голем број карактеристики, како што се: слабо его, ниска самодоверба и префрлање на одговорноста за своите проблеми на другите, несоодветни очекувања за тоа како децата треба да се однесуваат, негативни перцепции и оценки за однесувањето на децата. Афективните фактори на ризик за злоупотреба и запоставување на децата вклучуваат: вознемиреност, фрустрација, депресија, осаменост, анксиозност и лутина.

Фактори кои го зголемуваат ризикот од злоупотреба и запоставување на децата се: семејствата кои немаат економски ресурси, имаат голем број членови, несоодветна околина, чести брачни несогласувања, високо ниво на вербални и физички конфликти во семејството, социјална изолација и недостаток на семејна кохезија.

Како резултат на злоупотребата и запоставувањето, децата можат да имаат и краткорочни и долгорочни последици, кои се рефлектираат со различни симптоми. Како по правило, физички малтретираните деца покажуваат и емоционални симптоми. Обично се анксиозни, депресивни, повлечени и исплашени или агресивни, имаат ниска самодоверба, често се склони кон автоагресија и не се вклопуваат добро во нивната врсничка група. Секако највидливи, но и најтешки за физичкото здравје на детето се физичките повреди предизвикани од родители, старатели или други членови на семејството. Пред сѐ, има лесни и сериозни физички повреди (скршеници, изгореници, рани нанесени од разни предмети, модринки и сл.). Смртта на детето се смета за најтешка форма на злоупотреба и запоставување на детето.

1.4.4. Насилство врз постаро лице

Насилството врз постарите лица е појава која постоела и порано во сите општествени системи и државни уредувања, а постои и денес, само мотивите и

[84] Campbell, J., Messing, J. T. (2017). Assessing Dangerousness, Third Edition : Domestic Violence Offenders and Child Abusers (Vol. Third edition). New York, NY: Springer Publishing Company

верувањата на кои се темелело насилството биле поинакви, како и терминолошките одредувања.

Положбата и односот кон постарите лица се движел зависно од општествено-економските прилики, традиции, култури и обичаи, од целосно уважување и почитување до целосна негрижа, обесправеност, па дури и суровост кон постарите, и од страна на најблиските. Приликите одредувале дали старите луѓе „ќе владеат“ или биле презрени, мачени, па дури и убивани. Понекогаш, напуштени од семејството и самите дигале рака на себе.

Изучувањето на појавата насилство врз постаро лице се појавува во седумдесеттите години од 20 век. Првпат била опишана од Бејкер и Бурстон во списанието *British scientific journals* во 1975 година како „granny battering“, но истражувачите покажале интерес за неа дури кон крајот на осумдесеттите, односно на почетокот на деведесеттите години. Она што од самиот почеток било невоедначено е дефиницијата на поимот. Некои истражувачи го користеле терминот малтретирање на постари, други го користеле терминот злоставување во постаро доба, занемарување и слично.

Бројот на стари лица прогресивно се зголемува поради намалувањето на природниот прираст, подобрување на здравствената заштита, и генерално зголемување на животниот стандард. Поради екстремно ниските примања и големите здравствени проблеми, постарите луѓе стануваат сè почесто материјално и медицински запоставени. Во 1991 година, Советот на Европа започна систематско истражувањето за насилството врз старите лица во 21 европска земја и резултатите покажаа дека е насилството врз старите лица е многу пораспространето отколку што се претпоставуваше - 8% од старите лица биле жртви на семејно насилство[85].

Меѓународна мрежа за спречување на злоупотреба на стари лица (International Network for the Prevention if the Elder Abuse) ја усвои дефиницијата за злоупотреба на стари лица како поединечен или повторувачки чин или недостаток од соодветно однесување, кое се јавува во кој било однос на очекување и доверба и кое предизвикува штета, болка, непријатност или вознемиреност на старо лице[86].

[85] Rusac, S. (2006). Nasilje nad starijim osobama. Ljetopis socijalnog rada. 13 (2), 331-346

[86] Ајдуковић М., Русац С., Огреста Ј. (2008). Изложеност старијих особа насиљу у обитељи, Ревија социјалне политике бр. 1, Загреб

Насилството врз старите лица, вака дефинирано, се јавува во повеќе форми на манифестација. Тоа може да биде: физичко малтретирање (удирање, штипење, газење со нога, принудување на постаро лице да остане на стол или кревет, задржување на лекови или недавање лекови), психолошко (закани за стари лица дека ќе бидат напуштени, игнорирање, прекумерна критика, социјална изолација и забрана за посета, постојано наметнување на темата смрт и сл.), финансиско (неовластено користење на средства, недвижен имот или имот на постаро лице, кражба на пари или вредни предмети од куќата, промена на тестамент, отворање на нивната пошта) и сексуално (различни форми на сексуални односи и вознемирување, како што се: силување, содомија, соблекување или фотографирање). Занемарување би било одбивање или неуспех да се изврши која било обврска или должност кон постаро лице, на пример, ускратување на храна, греење, облека слично.

Постојат мал број на истражувања за појавата на насилство врз постарите лица. Станува збор за област која е и општествено и научно запоставена, како во светот, така и кај нас. Многу поголем број на истражувања се од областа на насилство врз децата и насилство врз жените. Студиите покажуваат дека помеѓу 2 % и 10 % од постарите лица во светот трпат некој облик на насилство[87]. Советот на Европа во 1991 година започна истражување на насилството врз постарите лица во 21 земја од Европа. Резултатите се објавени во 1993 година и тие покажале дека 8 % од постарите лица се изложени на семејно насилство[88].

Според истражувањата, повеќе од 50 % од облиците на виктимизација на стари лица претставува психичкото насилство кое се врши на различни начини: вербални закани, користење на погрди зборови. Потоа следува економската виктимизација, а најмалку било застапено физичкото насилство[89].

Значајно истражување е спроведено во Соединетите Американски Држави, кое траело 9 години, а било вршено на примерок од 2812 постари лица, од кои се идентификувани оние кои доживеале некој облик на насилство. Добиените наоди покажале дека во контролната група, во која немало злоставувани, 40 % од постарите биле сѐ уште во живот, додека во групата во која биле постарите, жртви на насилство,

[87] Кнежиќ Б. (2010). Насиље над старима – друштвено и научно запостављено подручје. Журнал за криминалистику и право, Криминалистичко полицијска академија, бр.1
[88] Русак С. (2006). Насиље над старијим особама, Загреб: Правни факултет Свеучилишта у Загребу
[89] Константиновић, Вилић, С., Ристановић, Николић, В., Костић, М.,(2009). Криминолгија, Ниш: Центар за публикације Правног факултета

преживеале само 9 %. Овие наоди покажуваат колку насилството над старите може да се смета за додатен ризик за смрт[90].

Насилството врз постарите лица најчесто се случува во кругот на семејството, без оглед на тоа дали се работи за семејство во кое живеат повеќе генерации или постарите лица живеат сами. Насилството од страна на членовите на семејството може да се случи и која постарото лице е сместено во установа.

Етиологијата на насилството во семејството е условена од различни фактори, почнувајќи од генетски, преку болести на насилникот, па сè до социјално провоцирачки: сиромаштија во кругот на семејството или материјална депривација на постарите членови на семејството можат да доведат до насилство над нив; злоупотреба на алкохол или психоактивни супстанции на некој член од семејството често води кон ескалација на насилство од кое не се поштедени ниту најстарите членови, посебно постарите жени; семејните проблеми ги зголемуваат ризиците од насилство.

Болеста на постарото лице, посебно психичка промена, може да биде повод за насилство. Исто како и недостаток на соодветни сервиси за поддршка во локалната заедница што може да биде причина за занемарување, злоставување и насилство врз постарите. Дополнителен ризик за насилство може да бидат психички и физички потешкотии/болест на сопружникот или на помлад член од семејството. Опасност од зголемен ризик од семејно насилство врз постари лица може да биде и живеењето во тесни станбени услови, кога практично постарите присилно се сместуваат во установи за стари лица само за да се добие проширување на станбениот простор, а не затоа што е тоа личен избор или желба на постарото лице. Во некои случаи постарите лица се преместуваат во помошни простории за да живеат сами како во заедничкото домаќинство би имало повеќе простор за останатите членови.

Иако различни облици на семејно насилство над постарите лица е распространето во голема мера, сепак овој вид на насилство е најмалку пријавуван. Непријавувањето, а често и непризнавањето на појавата на семејно насилство врз постарите членови во семејството придонесува кон тешко препознавање на овој феномен. Особено се молчи за латентните облици на психолошко насилство, занемарувањето на потребите или злоупотребата на постарите лица.

[90] Ибид.

Всушност, една од најчестите причини за семејно насилство врз постари лица е користољубие, иако не станува збор за единствена причина. Понекогаш насилството се прави од сопствена немоќ или незнаење. Ова посебно во случаи кога најблиските кои живеат со старото лице, а кое пати од некоја болест со која му се менува психичката состојба, како на пример, деменција, имаат улога на неформален негувател на тоа лице. Главно овие луѓе не се запознаени со однесувањата кои ги манифестира болното старо лице, па често грубо реагираат за да спречат некое однесување, или за да го присилат на некоја одредена активност (на пример, облекување, јадење, земање лекови). Насилството може да биде и синдром на согорување на неформалните негователи или порано пореметени меѓусебни односи.

Насилството врз постари лица претставува сериозен проблем, кој, како што наведуваат меѓународните документи, бара итно внимание и акција во смисла на зголемување на јавната свест за проблемот, превенција на насилството и унапредување на пристапот на информации, заштита и поддршка. Државите и нејзините институции се одговорни да обезбедат заштита на постарите лица од насилство без оглед на тоа каде тоа се случува. Дури и кога се случува во семејството, тоа не е приватен, туку општествен проблем за кој мора да бидат преземени сите неопходни мерки за заштита и поддршка на жртвата.

1.5. Етиологија на семејното насилство

Семејното насилство припаѓа на оние изучувани појави кои, иако на прв поглед оставаат малку простор за недоумица, всушност претставуваат поле на константни судири, различни теоретски, истражувачки и прагматични пристапи.

Етиологијата на семејното насилство претставува утврдување на одговорот на прашањето зошто и како семејното насилство се јавува како индивидуална и масовна појава, зошто и како се јавува личноста на насилник, кои се објективни и субјективни околности кои го детерминираат насилното однесување.

1.5.1. Традицијата и патријахалното воспитување како причина за семејното насилство

Патријахатот, доминантен низ вековите, правото на насилство, посебно врз жената, го оправдувал со две клучни причини. На едната страна е жената видена како

предмет на сопственост, па согласно сопственичките права на мажот или таткото, без право на одлучување. На другата страна, митолошките и религиските претстави за жените и женската природа често се врзувала за силите на злото.

Карактеристично е, посебно во традиционалните и патријахални заедници мажите да имаат значително повеќе моќ во сите сегменти од животот – носењето одлуки, предност кај наследувањето и слично. Девојките и младите жени се во специфично ниска положба, контролирани, изложени на мноштво забрани, со наметнат ригиден модел на однесување.

Токму традицијата и пренесувањето на „културните обрасци“ направила семејното наследство да има висок праг на толеранција во општеството, во општествената реакција, па и во законодавната сфера. Патријахалното уредување, со текот на времето, создало свесни уверувања дека е нужно да се трпи насилство и поради потребата да се негува идиличната слика на семејниот склад, при што за зачувување на изгледот на среќно семејство за надворешниот свет се смета за обврска.

Семејното насилство е неупадливо, семејството во кое постои е затворено, а членовите на семејството го кријат од средината сметајќи го за приватен проблем, често и срам. Зошто жената трпи акти на насилство во семејството е поврзано со: одредени видови на страв, бидејќи се плаши дека насилникот ќе стане поопасен за неа и децата ако таа замине, верува дека на децата насилен татко е сепак подобар отколку воопшто да го немаат, не знае за статусот и правата во случај на развод, финансиски е зависна во случај на невработеност, нема поддршка од роднините, средината и институциите, се чувствува одговорна за распадот на семејната структура, има недостаток на самопочитување и недостаток на алтернативи воопшто.

Колку е традиционално вкоренето насилството врз жените покажуваат и податоците на светско ниво - сто милиони жени се осакатени во името на традицијата, а така наречените „убиства од чест“ се сè уште присутни во традиционалниот дел од светот (на пример, во Турција).

1.5.2. Дисфункционалност на семејството како причина за семејното насилство

Гледано од социолошки аспект, семејството е основната клетка на општеството во кое личноста се социјализира. Функцијата на социјализација е доминантна семејна

функција.[91] Семејството има фундаментално влијание врз развојот на детето бидејќи е основен фактор во развојот на здрава, зрела и отпорна личност формирана од различни социопсихолошки механизми. Доколку се гледа како на институција, може да се каже дека семејството може да биде функционално и дисфункционално.

Терминот функционално семејство се користи во психологијата за да се објаснат состојбите кои ги дефинираат здравите семејните односи меѓу членовите. Исто така, овој термин се користи како замена за „среќно“ семејство бидејќи искуството на среќа е нешто што е субјективно и тешко да се генерализира. Функционалното семејство се карактеризира со љубов, доверба, разбирање, поддршка и слично. Има флексибилна структурна моќ со поделба на авторитетот, јасни семејни правила, јасни меѓу генерациски граници и стил кој поттикнува здружување. Членовите на семејството имаат своја индивидуалност и способност да одредуваат блискост и дистанца, можат да поднесат несогласувања и несигурност, да комуницираат слободно и спонтано, ги прифаќаат разликите и чувствителноста на другите. Конфликтот се дискутира отворено, а проблемите се идентификуваат и решаваат. Функционалното семејство може да расте и да се развива и покрај тешкотиите со кои се соочува. Во таквите семејства членовите имаат развиен однос на доверба и меѓусебно почитување и интерес еден за друг.

Дисфункционалното семејство не е способно да се прилагоди на новонастанати услови на живот и не може да се соочи со стрес без поголеми последици. Во таквите семејства има крајности во начинот на поврзување на неговите членови, па границите меѓу членовите се или целосно избришани или членовите се многу далеку еден од друг. Дисфункционалното семејство обично е или изолирано од надворешниот свет, без јасно формиран семеен идентитет и со ригидни правила, или границите се толку отворени поради што некритично се прифаќа сѐ што доаѓа однадвор. Во такви семејства улогите се недефинирани, па децата често ја преземаат одговорноста или моќта што произлегува од родителските улоги. Во дисфункционалните семејства комуникацијата е нејасна, конфузна и контрадикторна. Овие семејства континуирано се во криза која не се препознава сѐ додека не се појават симптомите кај еден или повеќе негови членови или до моментот кога на семејството му се заканува распаѓање.

[91] Стајић, Љ. Мијалковић, С. Станаревић, С. (2005). Београд: Безбједносна култура

Во дисфункционалните семејства децата прерано ја губат безгрижноста на детството бидејќи мора да преземат улоги на кои не се дораснати.

Во дисфункционалните семејства често има присуство на одредени социопатолошки појави, како на пример, алкохолизам, зависност од дрога, криминални активности и друго. Доколку семејствата се оптоварени со различни негативни појави, како семејни несогласувања, кавги, алкохолизам, зависност од дрога, лоша финансиска состојба и слично, постои голема можност таквите семејства да имаат негативно влијание врз социјализацијата на личноста. Таквите семејства во литературата се нарекуваат „деградирани или распаднати семејства“, т.е. дефицитарни семејствата. Дисфункционалните или дефицитарните семејства се поподложни на развој на семејно насилство.

1.5.3. Економската нестабилност како причина за семејното насилство

Негативните економски услови на семејството исто така често се причина за семејно насилство бидејќи го дестабилизираат семејството. Економската нестабилност, која може да го достигне прагот на сиромаштија, негативно влијае на стабилноста на членовите на семејството и влијае на емоционалниот развој на децата. Членовите на семејството поради сиромаштијата често прифаќаат негативни модели на однесување, но и бараат излез преку криминал, дрога, насилство и слично. Сиромаштијата претставува состојба на непостоење на економски, социјални и културни услови за задоволување на основните биолошки и други потреби на човекот, немање услови за развој и репродукција на психичките и физичките способности и одржување на егзистенцијалните услови за живот[92]. Ова секако придонесува за чувството на субјективно незадоволство и создава услови и за одредени облици на семејно насилство.

1.5.4. Алкохолизам и наркоманија како причина за семејното насилство

Поврзаноста на насилството со употребата на алкохол е комплексен феномен и затворен круг кој вклучува семејни фактори, средина, општество, култура, како и индивидуални фактори. Алкохолизмот (хронична прогресивна болест која се карактеризира со желба за пиење алкохолни пијалаци, со цел постигнување

[92] Бошковиħ, М. (2001). Криминална етиологија, Нови Сад: Правни факултет

субјективна состојба на задоволство) не е само болест на зависност, тој е и социјално патолошка појава која негативно се одразува на бројни аспекти на општествениот живот на алкохоличарите, семејството, работната и животната средина.

Под дејство на алкохол се случуваат одредени промени во човековото однесување, се намалува можноста за самоконтрола, се јакне агресивноста и сексуалните нагони, што негативно влијае и на членовите на семејството. Мажите често го минимизираат, оправдуваат и велат дека не го паметат насилството кога се пијани. Жените, консументи на алкохол, почесто можат да станат жртви на физичко и сексуално насилство, како и на насилство и убиство од страна на нивните партнери. Причината за ова е и ставот во многу култури дека алкохолот ги поттикнува жените на блуд, став која останал до ден денес. Сепак, ниското образованието и понискиот социоекономски статус можат да посредуваат помеѓу насилството и употребата на алкохол, но во овој случај од страна на жените.

Според Светската здравствена организација (Комитетот на експерти за дрога), наркоманијата се дефинира како состојба на периодична или хронична интоксикација, штетна и за поединецот и за општеството, која се постигнува со постојано консумирање на некоја дрога од природно или синтетичко потекло. Зависникот во својата болест многу работи ги гледа на погрешен, искривен начин, многу емоции се пренагласени или целосно непостоечки, па последиците што однесувањето на наркоманот ги остава врз семејството се резултат на зависничкото однесување и болеста. Зависникот во криза не избира средства за да добие дрога. Кај него нема здраворазумно размислување, ниту пак граници за работите што ги сака.

Наркоманијата може да доведе до појава на семејно насилство - доколку наркоманот под влијание на опојни дроги врши насилство врз членовите на своето семејство, но и доколку на наркоманот му се потребни пари за купување на дрога поради што тој физички ги злоставува членовите на своето семејство со намера да дојде до пари.

1.5.5. Психички пореметувања и душевни болести како причина за семејното насилство

Психички болниот човек полека, но сигурно ја игнорира реалноста и создава својата сопствената реалност. Најзначајните ментални болести кои предизвикуваат

семејно насилство се шизофренија и параноја. Луѓето со шизофренија имаат сосема поинаква слика за реалноста и често губат контакт со истата – слушаат/гледаат работи кои не постојат, зборуваат на чуден и збунувачки начин, веруваат дека другите сакаат да им наштетат, чувствуваат дека се постојано надгледувани. Своите халуцинации обично ги насочуваат кон луѓето од нивната околина, кои обично се членови на семејството. Ваквите пациенти најчесто се јавуваат како извршители на физичко насилство во семејството.

Паранојата претставува многу сериозно психичко пореметување кое спаѓа во психотични пореметувања. Со други зборови, луѓето се чувствуваат загрозено, многу се сомнителни и чувствуваат дека сите други луѓе се непријателски расположени кон нив. Паранојата најчесто е насочена кон брачниот другар и често резултира со смрт. Лицата кои се душевно болни поради скромните интелектуални способности, како и другите особини на личноста, се лишени од способноста адекватно да ги проценат и предвидат последиците од нивното однесување. Затоа често се јавуваат како сторители на семејно насилство. Но тие често се и жртви на насилство во семејството, особено на сексуалното насилство[93].

1.6. Последици од семејното насилство

Семејното насилство има три основни фази: подигнување на тензија, акутна злоупотреба и повторно воспоставување на врската. Во текот на „првата фаза“ насилникот акумулира гнев што може да биде предизвикан од чувството на незадоволство поради неговата перцепција за ситуацијата дома, невработеноста, консумирањето алкохол и други слични околности. Во фазата на акутна злоупотреба, гневот на насилникот кулминира со отворено малтретирање, физички напади, тепања, уништување на работите низ куќата и слично. Во последната фаза од циклусот, за време на повторното воспоставување на врската, насилникот по секоја цена се обидува да ја придобие жртвата преку емоционална манипулација, честопати убедувајќи ја дека таа во голема мера е виновна за насилството што се случило.

Насилството обично не е изолиран инцидент, туку серија на насилни настани кои се повторуваат. По ескалацијата на насилството и фазата „жалење и извинување“, чија цел е (повторно) воспоставување на врската помеѓу жртвата и сторителот на

[93] Ковачевиќ, Р. (2007). Правна медицина, Бања Лука: Правни факултет

насилството (која можела да биде прекината со напуштање на насилникот, повикување полиција и други дејствија на жртвата), најчесто циклусот на насилство започнува одново. Иако често се наведуваат како причина, треба да се има на ум дека надворешните услови (проблеми) сами по себе не се причини за насилство. Исто така, насилството не престанува ниту во фазата на „жалење и извинување“ (присутни се елементи на контрола и доминација), односно не се покажува подготвеност да се преземе одговорност за сопственото однесување. Оваа фаза ѝ дава на жртвата (лажна) надеж дека менувањето на насилникот е сè уште можно. Таа се сеќава на сите претходни позитивни искуства, ја презема на себе одговорноста за судбината на семејството, децата, бракот и одлучува да се врати/остане во врската. Како што се повторуваат циклусите на насилство, периодот помеѓу фазата на помирување и експлозијата на насилството е сè пократко и пократко, односно насилните инциденти зачестуваат.

Насилството во семејството остава бројни последици, како за оние кои се директно изложени на него, така и за оние кои се набљудувачи, врз психичкото и физичкото здравје. Повеќето од нас се свесни за физичките повреди, и оние кои можат лесно да се излечат и оние кои можат да имаат долгорочни последици. Сепак, психолошките последици можат да бидат потешки и подолготрајни од физичките повреди. Најчести психолошки последици за жртвата се: напнатост, немир, чувство на страв (за себе, својот живот, животот на најблиските), чувство на срам, чувство на вина, губење на самодоверба, недостаток на толеранција и трпение, проблеми со концентрацијата, депресија, самоубиствени мисли итн. Важно е да се нагласи дека не постои правилен или погрешен начин да се реагира на насилството. Секој човек реагира на насилството на свој карактеристичен начин и како и да се чувствува, има право на тоа, тоа е правилно и нормално за него.

Колку повеќе дознаваме за семејното насилство, толку појасно е дека решавањето на овој проблем е и морален императив. Изложеноста на насилство, било краткорочно или долгорочно, остава негативни последици по физичкото и менталното здравје. Податоците укажуваат и на фактот дека целото општество страда кога во семејствата се страда на овој начин. Според тоа, овој проблем треба да се третира како суштински социоекономски, а не само морален по природа.

Констатацијата дека семејното насилство може да се случи насекаде, може да доведе до песимистички став за можноста за негово целосно сузбивање. Извештаите

од поединечни земји покажуваат дека и семејствата од богатите земји и семејствата од земјите во развој подеднакво страдаат од семејно насилство. Сепак, може да се преземат мерки за тоа да се спречи и затоа не треба да се смета дека е „неизбежно“: Ефикасната превенција зависи од деталната анализа на корените на овој проблем. Поради оваа причина, потребно е повеќе да се работи на разбирањето на тоа зошто и како настанува семејното насилство.

Семејното насилство може да се манифестира во различни форми: физичко, психичко, сексуално, економско. Изложеноста на семејно насилство има повеќекратни последици. Утврдувањето на причинско-последичната врска помеѓу насилството и неговите последици понекогаш дополнително се комплицира со други фактори. На пример, кога се разгледува односот помеѓу сиромаштијата и семејното насилство, јасно е дека постои поврзаност меѓу двата феномени, но не е сосема јасно каква. Членовите на семејствата кои живеат во сиромаштија имаат поголема веројатност да бидат жртви на насилство, што автоматски ги зголемува нивните шанси да бидат осудени на сиромаштија во зрелоста: поради оваа причина, тешко е прецизно да се одреди која е причината, а која е последицата. Покрај тоа, физичкото насилство предизвикува не само физичка, туку и психолошка штета. Слично на тоа, ефектите од психолошка злоупотреба понекогаш може да имаат физички манифестации. Истражувањата покажуваат и дека жртвите изложени на еден вид насилство имаат големи шанси да доживеат друг вид на злоупотреба. Овој феномен се нарекува „поливиктимизација“.

Важноста на поврзаноста на здравствените последици и семејното насилство е содржана во следното: влијанието на злоупотребата врз здравјето трае долго откако насилството ќе престане. Колку е потешка злоупотребата, толку се поголеми последиците по физичкото и менталното здравје на жртвата што го трпи. Негативните последици од насилството се натрупуваат, што значи дека поливиктимизацијата води до најнегативни исходи.

Тешко е да се одделат ефектите од семејното насилство од другите фактори кои можат негативно да влијаат на животот на една личност (како што се сиромаштијата или инвалидитет). Јасно е дека постои поврзаност меѓу насилството и отежнувачките околности. Меѓутоа, важно е да се има предвид дека причинско-последичната врска помеѓу насилството и неговите последици не мора да биде

неизбежна. Реакцијата на секој поединец на насилство е различна. Иако семејното насилство може да има далекусежни последици, закрепнувањето е секако можно.

Последиците од семејното насилство може да бидат:

- Смрт: Најтрагичната можна последица од физичкото насилство е смртта. Веројатноста дека физичкото насилство врз жртвите во семејството ќе резултира со смрт на жртвата честопати е недоволно застапена во предвидувањата. Истражувањата покажуваат и дека „намерата да се казни детето“ често претходи на многу случаи на убиства на деца[94]. Од ова се гледа дека нанесувањето физички повреди само по себе е крајно опасно и има исклучиво негативни последици од кои најстрашна е смртта.
- Сериозна повреда: иако семејното насилство може да предизвика смрт, многу е поголема веројатноста да резултира со повреда. Сериозните повреди добиени во детството, можат да бидат особено опасни бидејќи процесот на физички и когнитивен развој на децата е сè уште е тек. Повредите најчесто се локализирани на главата, лицето, вратот, градите или стомакот. Чести се повреди во пределот на вилицата, очите, ушите, меките ткива, како и скршеници на вилицата, носот, очниот отвор и јаготките. Тешките повреди на главата можат да бидат и причина и последица на насилство. Од една страна, лицата со посебни потреби се меѓу најранливите и затоа се изложени на многу поголем ризик од насилство. Од друга страна, тешките повреди го зголемуваат ризикот од траен инвалидитет. На овој начин се создава маѓепсан круг. Утврдена е и врска помеѓу попреченоста и веројатноста дека лицето е родено во насилно семејство, каде што ризикот од семејно насилство е многу поголем[95].
- Физички болести: Поради семејното насилство, луѓето се поподложни на сериозни болести (како што се хронични заболувања на срцето, белите дробови или црниот дроб, рак, дебелина, висок крвен притисок и висок холестерол)[96].

[94] Global Partnership to End Violence Against Children. (2016). Corporal punishment of children: summary of research on its impact and associations
[95] Pearson, C. Harwin, N. Abrahams, H.(2006). Making an Impact: Children and Domestic Violence, Jessica Kingsley Publishers
[96] Danese, A., Moffitt, T. E., Harrington, H., Milne, B. J., Polanczyk, G., Pariante, C. M., Poulton, R., Caspi, A. (2009). Adverse childhood experiences and adult risk factors for age-related disease: depression, inflammation, and clustering of metabolic risk markers. Arch Pediatr Adolesc Med. Dec;163(12):1135-43.

Стресот предизвикан од насилство може да биде толку акутен што може да го наруши функционирањето на имунолошкиот систем и нервниот систем. Покрај човечкото страдање, кое секако е последица на ваквите болести, јасно е дека има и голем притисок врз општеството во целина поради преоптоварувањето на здравствениот систем.

- Намалени когнитивни способности во случај кога жртвата е дете: когнитивниот развој на малтретираните и запоставените деца може да биде значително ограничен. Компаративната јазична неспособност кај малтретираните деца е најзабележлива во најраната возраст. „Да се стигне“ на постара возраст претставува огромен предизвик за многу деца бидејќи во некои екстремни случаи веќе има доцнење во развојот на мозокот поради недостаток на позитивни стимули. Неисполнувањето на целосната когнитивна способност може сериозно и долгорочно да му наштети на детето. Неразвиеноста во оваа смисла ги спречува децата да остварат многу од правата пропишани со закон и затоа постои поголем ризик од прекршување на законот.
- Посттрауматско стресно растројство: посттрауматско стресно растројство може да се појави како резултат на страдање од екстремно и/или постојано насилство во семејството.
- Физичкото насилство може да доведе до цела низа ментални здравствени проблеми, така што би било многу погрешно да се претпостави дека физичкото насилство има само физички последици.
- Проблеми со менталното здравје: иако психолошкото злоставување и емоционалното запоставување можеби е потешко да се забележат отколку физичкото малтретирање, последиците од овие појави можат да бидат исто толку подмолни. Депресијата, анксиозноста, нарушувањата во исхраната и самоубиството се поврзани со психичко насилство во семејството, посебно во периодот на детството кој е клучен за формирање на личноста. Најчестите знаци и состојби кои укажуваат на психолошките последици од злоупотребата се: напнатост, анксиозност, чувство на општа слабост, страв, вина, самозанемарување, невротични реакции (депресија, напади на паника), нарушувања на спиењето и исхраната, недостаток на толеранција и трпение,

расеаност, проблеми со концентрација, агресивно однесување кон себе и кон другите.

- Социоекономски последици: Сите видови насилство имаат социоекономски последици. Лицата кои се жртви на насилство постигнуваат пониски академски резултати што ги спречува во голема мера да придонесуваат за општеството на вистински начин, а со тоа насилството индиректно го нарушува напредокот и развојот на цели заедници. Чест случај при семејното насилство е губењето на работното место на жената – жртва бидејќи никој нема да толерира работничка чиј сопруг доаѓа на нејзиното работно место, ја вознемирува и прави проблеми. Губењето на работното место може да биде и последица на фактот што тие почесто се принудени да земаат боледување, да го напуштат работното место поради одење по судови и институции, а ако насилникот е, исто така, некоја позната или јавна личност, го користи своето влијание за да дискредитира жена на работа. Жените мора често да го менуваат местото на живеење за да избегнат насилство, често ги губат пријателите и семејството затоа што насилникот ги изолира. Тие често се збунети и ги избегнуваат оние луѓе кои би можеле да им помогнат, бидејќи сакаат да ја сокријат својата ранливост и збунетост. Во најголемиот број на случаи се материјално загрозени и несигурни бидејќи судските трошоци се високи, а евентуалните станарини се исто така високи, па сето тоа им оневозможува да излезат од ситуацијата на насилство.
- Лошото родителство е исто така една од последиците на семејното насилство. Имено, жените кои со години живеат во ситуација на насилство си наоѓаат свои механизми да го преживеат тоа насилство, па немаат ниту време ниту волја да им се посветат на децата онолку колку што им е потребно. Во таквите семејства децата се запоставени, а родителите не ги извршуваат своите соодветни функции.
- Последици по репродуктивното здравје: Сексуалното насилство во контекст на насилна врска ја става жената во ризична ситуација на незаштитен секс, како што е ХИВ-инфекција, сексуално преносливите инфекции и болести и несаканата бременост. Злоупотребените жени може да страдаат од диспареунија, хронична карлична болка, сексуална дисфункција и чести вагинални и уринарни инфекции. За време на бременоста, здравствените проблеми најчесто се поврзуваат со спонтани и/или поголеми број на намерни

абортуси. Карактеристично е дека жените кои се жртви на семејно насилство значително помалку користат пренатална грижа, особено во првиот триместар на бременоста.

- Нарушувања во однесувањето: Листата на нарушувања во однесувањето поврзани со злоупотреба во семејството изгледа бесконечна. Жртвите од семејно насилство имаат поголем ризик од алкохолизам, употреба на дрога и влегување во ризични сексуални односи. Една од последиците на насилството може да биде трансгенерациското насилство.

1.7. Семејното насилство и образованието

Семејното насилство не познава граници и не прави дискриминација врз основа на религија, раса, па дури и пол. Низ годините научниците и практичарите научија повеќе за оваа проблематика, станувајќи свесни за некои фактори на ризик кои може да ги зголемат шансите на поединецот да биде жртва на семејно насилство. Препознавањето на факторите на ризик стана корисно во обидот да се идентификуваат оние поединци кои се повеќе изложени на ризик од другите. Овие фактори не се наменети да послужат како дефиниција за тоа кои или што не можат да бидат жртвите на семејно насилство. Исклучително е важно да се има предвид дека секој може да биде жртва на семејно насилство, без разлика дали таа или тој ги исполнува карактеристиките идентификувани како фактори на ризик во многуте истражувачки трудови.

Еден од факторите на ризик поврзан со семејното насилство е да се биде жена. Истражувањата покажуваат дека жените се со поголема веројатност да бидат жртви на семејно насилство отколку мажите. Други ризик фактори поврзани со семејното насилство се несовпаѓањето помеѓу образованието, приходите или професионалниот статус помеѓу партнерите.

Забележано е дека жените со пониско образование доживуваат семејно насилство со повисоки стапки од жените кои постигнале повисоко ниво на образование. Ова не значи дека лицата со повисоко ниво на образование не можат да бидат жртви на семејно насилство, туку дека ризикот тоа да се случи е помал.

Недостатокот на образование е исто така фактор на ризик поврзан со сторителите на семејно насилство. Повеќето истражувања кои се фокусирани на

образованието како фактор на ризик, покажуваат дека мажите со пониско ниво на образование од нивните партнери имаат поголема веројатност да бидат сторители на семејно насилство отколку оние со еквивалентно ниво на образование. Повеќето истражувања покажуваат дека насилници биле претежно мажи, иако жените секако не се изземени. Вообичаеното верување е дека комуникациските вештини се заоструваат со дополнително ниво на образование. Оние со пониско ниво на образование може да прибегнуваат кон насилство поради неможноста правилно да го пренесат гневот или фрустрацијата[97].

Иако недостатокот на образование е еден од факторите на ризик поврзан со семејното насилство, разликата во нивото на образование на двојката е исто така фактор на ризик. Разликата во образовниот статус значи дека едниот партнер има повисоко ниво на образование од другиот. Повеќето студии не ја специфицираат количината на образовната разлика помеѓу партнерите, само таа постои. Образовното несовпаѓање може да биде мало - еден партнер да има средно образование, а другиот не, но оваа разлика може да биде и поширока, т.е., едниот партнер да има помалку од средно образование, а другиот да има високо образование.

Нивото на образование често се поврзува со способноста за заработка и статус во општеството. Поради оваа причина, престапникот може да го сфати образовното достигнување на неговиот партнер како закана. Оваа перцепција често не е валидна, но сторителот не може да се убеди во спротивното. Насилникот често се чувствува загрозен од оваа неусогласеност и прибегнува кон вршење психолошки и физички форми на семејно насилство врз својата жртва за да ја врати контролата над неа. Ако едниот партнер се обиде да продолжи со повисоко ниво на образование, другиот може да се чувствува загрозен и да се обиде да го спречи нејзиниот успех преку различни средства. Оваа разлика во образовниот статус може да предизвика насилникот да се чувствува загрозен од можноста неговиот партнер да добие повисоко ниво на статус во општеството, отколку што некогаш би можел да добие.

Образованието е многу вредна алатка во современото општество. Износот на формалното образование кое едно лице го добива обично ќе определи каков начин на живот ќе може да води и колкав приход ќе може да заработи. Друг вообичаен фактор

[97] Jeyaseelan, L., Laura S. Sadowski, Shuba Kumar, Fatma Hassan, Laurie Ramiro, and Beatriz Vizcarra. (2004). World Studies of Abuse in the Family Environment: Risk Factors for Physical Intimate Partner Violence. Injury Control and Safety Promotion 11, no. 2, 117–124.

на ризик поврзан со семејното насилство е нивото на приход, и лесно е да се види како тоа оди рака под рака со образовниот фактор на ризик.

Колку помалку формално образование има едно лице, толку е помала веројатноста тој или таа да заработи конкурентна плата. На пазарот на труд, прво се вработуваат оние со повисоко образование и работно искуство. Оние со помалку формално образование вообичаено имаат послабо платени работни места или, уште полошо, се невработени. Ова може да создаде ситуација на зависност за оние со пониско образование - можеби нема да можат сами да се издржуваат себеси или своите деца. Ако злоупотребата веќе постои во врската, недостатокот на образование и намалените приходи му обезбедуваат на насилникот предност во хранењето на ранливоста на жртвата. Оваа ранливост се зголемува кога има вклучени зависни лица. Многу жртви на семејно насилство остануваат во своите ситуации поради чувство на потреба. Жртвата честопати била изолирана од пријателите и семејството од страна на насилникот, а овој нееднаков финансиски договор дополнително го поттикнува нејзиното чувство на зависност и неподготвеност да замине. Семејното насилство е наведено како бариера не само за вработување, туку и за образование што може да доведе до вработување.

Некои поединци едноставно немаат желба да го унапредат своето ниво на образование. Има и други кои искусиле бариери што ги спречуваат да продолжат со повисоко ниво на образование. Овие бариери може да вклучуваат, но не се ограничени на: неможност да си дозволат школарина; неможност да си дозволат услуги за згрижување деца; неможност истовремено да се оди на работа и во училиште; неможност да се најде работодавач кој ќе има разбирање за нивниот училишен распоред; мора да се грижи за браќа и сестри или други роднини по смртта на член на семејството; или грижа за смртно болен член на семејството. Честопати луѓето кои искусиле бариери лесно се обесхрабруваат и веруваат дека тоа е само нешто што мора да го прифатат. Семејното насилство е исто така пречка за образованието.

Насилниците освен што ги спречуваат надворешни контакти тие вообичаено ги спречуваат жртвите да го продолжат своето образование. Изолирањето на жртвата му дава моќ на насилникот над неа. Ова може да се постигне на различни начини. Честопати, емоционалната злоупотреба е придружена со физичко малтретирање, а насилникот може да успее да ја убеди жртвата дека не е доволно паметна за да успее

на училиште. Насилникот исто така може да ја спречи жртвата да оди на училиште преку контрола на расположливите финансии.

1.8. Релевантни истражувања на проблемот

Насилството над жените е најчест вид на семејно насилство. Меѓународните и домашните истражувања недвосмислено укажуваат на голема распространетост на семејното насилство, при што најголем процент од извршителите се мажи.

Врз основа на истражувањето за распространетоста и степенот на насилство од интимниот партнер што опфатило 71 земја во светот, направена е Студијата на Обединетите нации во 2006 година. Различни форми на насилство се регистрирани кај 13-61 % од жените, најчесто помеѓу 23 и 49 %. Физичко малтретирање од страна на партнер искусиле 13-61 % од жените во периодот помеѓу 15 и 49 години, а сексуално 6-59 % од жените. Податоците за Европа покажуваат дека помеѓу 20 и 25 % од жените барем еднаш во текот на животот доживеале физичко насилство од страна на партнерот и повеќе од 10 % сексуално насилство кое вклучувало сила[98]. Резултатите покажуваат дека повеќе од 45 % жените во Европа доживеале насилство за време на нивниот живот[99].

Во научните истражувања несомнено е докажана врската помеѓу патријахалноста и насилството врз жените[100]. Интересен е фактот дека резултатите од првата студија за семејното насилство спроведена од Вера Ерлих, покажале дека во Србија, помеѓу Двете светски војни, кај 85 % од семејствата постоело насилно однесување кон жените[101]. Друго истражување покажало дека на семејното насилство првенствено влијаат социо-демографските карактеристики на насилникот и жртвата и владеечкиот однос на моќта меѓу половите[102].

Кога станува збор за РС Македонија, според Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, до ноември 2020 година се случиле четири

[98] Игњатовић, Т. (2011). Насиље према женама у интимом партнерском односу: Модел координираног одговора заједнице. Београд: Реконструкција Женски фонд
[99] Ибид.
[100] Miletić-Stepanović, V. (2005). Violence against women as a risk for social transformation. Temida. Vol.8, No.3, 21-32.
[101] Андрић С., Милашиновић С. (2018). Насиље над женама у породици. Социолошки преглед, vol. LII. no. 3, стр. 857–885
[102] Košarac, B., Ćorluka, B. (2018). Representations of themes from Sociology of Family in Sociološki pregled/ Sociological review (1938-2017). Sociološki pregled, vol. LII (2018), no. 1, 252–272

убиства на жени, фемициди[103]. Она што е поразително е фактот дека во сите овие случаи претходно било пријавено насилство, но немало соодветна реакција за заштита на жртвите. Според податоците од Министерството за внатрешни работи, девет месеци во 2020 година, биле извршени 678 кривични дела од страна на мажи сторители на семејно насилство, наспроти 66 жени сторители.

Од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија, спроведено е истражување во кое учествувале 1432 жени (од 21 урбани и 27 рурални населби). Според резултатите од истражувањето, „секоја втора жена е жртва на психолошко насилство, секоја шеста жена е жртва на физичкото насилство, а секоја десетта жена е жртва на сексуалното насилство“.[104]

Се претпоставува дека образованието е заштитна алатка за жените да го избегнат семејното насилство. Образованието на сопружникот и разликата во години, исто така, придонесуваат за појава на насилство. Има помалку шанси за семејно насилство доколку и двајцата партнери имаат еднакво образовно ниво[105]. Од друга страна, разликата меѓу образованието на мажот и жената создава недоразбирања и го зголемува семејното насилство. Образованието на жените има ефекти врз комуникацискиот јаз во брачниот однос што доведува до физичко насилство[106].

Националното истражување за семејно насилство спроведено во Источна Африка, во кое биле вклучени 4.588 брачни парови, покажува дека материјалната состојба на домаќинството, образованието и заработката на жените се во корелација со односот на жените кон насилството[107].

Друга студија, чија цел била да се истражи влијанието на образовното ниво и типот на семејството врз семејното насилство, на примерок од 519 брачни парови, ја покажала поврзаноста помеѓу образованието и семејното насилство. Резултатите покажале дека нивото на образование на брачниот пар значително влијаело на

[103] https://vidivaka.mk/istrazuvanja/zivot-bez-strav-od-nasilstvo/, пристапено на 01.07.2022
[104] Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија. (2007). Скопје: Живот во сенка,
[105] Owuamanam, T. O., &., Akintoke, V. A. (2013). Influence of educational level and family type on domestic violence in Ekiti State, Nigeria. The Clute Institute International Academic Conference Breckenridge, Colorado USA.
[106] Marium, S. (2014). Women's Level of education and its effect on domestic violence in rural Bangladesh. IOSR Journal of Humanities and Social Science (IOSR-JHSS) Volume 19, Issue 5
[107] Brenes, M. Z. (2004).Domestic violence and household decision-making: evidence from East Africa. University of California, Berkeley

насилството. Притоа, поголемиот образовен јаз носел поголем ризик за семејно насилство[108].

Истражување спроведено во Индија (2005/2006 година) и Бангладеш (2007 година) на примерок од 69805 жени (4195 во Индија и 65610 во Бангладеш) покажуваат дека нема зголемено насилство кај сопругите со повисоко образование од нивните сопрузи. Дополнително, резултатите укажуваат дека ниското ниво на образование на сопругот е фактор на ризик за семејно насилство, но и дека има намалување на тешкото насилство со зголемување на нивото на образование кај сопружниците[109].

Слични резултати се добиени и во истражување спроведено во Уганда во 2006 година, на примерок од 8531 жени. Истражувањето покажало дека повисоките нивоа на образовни достигнувања и подобриот материјален статус се поврзани со намалување на семејното насилство[110]. Ова намалување на семејното насилство како што се зголемува образовното достигнување, веројатно може да се припише на зголемувањето на автономијата и економската моќ.

Според многу автори, пониското ниво на образование на жената е фактор за да таа стане жртва на насилство од страна на партнерот[111]. Така, жените кои се без образование или кои имаат завршено само основно образование имаат 2 до 5 пати зголемен ризик да станат жртви на партнерско насилство[112].

Но, истражување во Нигерија покажува спротивни резултати од наведените. Имено, на примерок од 2728 жени добиени се резултати според кои жените со средно образование имаат поголема веројатност да искусат семејно насилство од необразованите жени[113]. Истражувачите веруваат дека причината зошто образованите жените се изложени на поголем ризик е поврзана со патријархалниот систем и

[108] Owuamanam, T. O., & Akintoke, V. A. (2013). Influence of educational level and family type on domestic violence in Ekiti State, Nigeria. The Clute Institute International Academic Conference Breckenridge, Colorado USA.
[109] Rapp, D., Zoch, B., Mobarak, M., Khan, H., Pollmann, T. & Krämer, A. (2012). Association between gap in spousal education and domestic violence in India and Bangladesh. BMC Public Health volume 12, 467
[110] Kisaakye, P.(2006). Educational Attainment and Domestic Violence in Uganda. Legon: Regional Institute for Population Studies, University of Ghana
[111] Magdol, L., Moffitt, T. E., Caspi, A., Newman, D. L., Fagan, J, Silva, P. A. (1997). Gender differences in partner violence in a birth cohort of 21-years-olds: Bridging the gap between clinical and epidemiological approaches. J Consult Clin Psychol 65: 68-78.
[112] Ackerson, L. K. et al. (2008). Effects of individual and proximate educational context on intimate partner violence: A population-based study of women in India. American Journal of Public Health, 98(3):507–514;
[113] Loembe, D. (2020). Association between women's level of education and their experience of intimate partner violence in Nigeria. Upsala University

родовите улоги, односно во фактот што образованите жени се поискрени и се осмелуваат да проговорат кога не се согласуваат со нешто.

2. Нормативно правна рамка и семејното насилство

2.1. Меѓународна регулатива поврзана со семејното насилство

Меѓународните стандарди за заштита на човековите права јасно покажуваат дека државата е одговорна за спречување, истрага и судско санкционирање на сите форми на кршење на човековите права. Според принципите на меѓународното право, постои државна одговорност за дела извршени од поединец, освен ако државата потписничка не го спречи тоа прекршување на правата, не истражува и не ги казнува актите на насилство и не обезбедува пристап до правдата, вклучително и надомест на штета за жртвите што се нарекува стандард на должна грижа. Заштита на луѓето од насилството е примарна задача на современото општество, а заштитата на жените и децата од ова зло е дополнителна задача и обврска на која секоја сериозна и цивилизирана заедница треба да посвети големо внимание.

На меѓународно ниво, семејното насилство е препознаено како општествено опасно однесување кое ги нарушува основните човекови права и слободи и се изразува јасна обврска на државите да ги штитат човековите права, без разлика дали тие се прекршени во јавната или приватната сфера на општествените односи. Донесени се општи и универзални меѓународни документи за човековите права, кои се релевантни и за доменот на правната заштита од семејно насилство (Општата Декларација на ОН за човекови права, 1948 година; Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, 1966 година; Виенската декларација за човекови права, 1993 година; Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, 1950 година; и други акти).

Со Општата декларација за човекови права од 1948 година на сите луѓе, и на мажите и на жените, им се гарантира слобода и еднаквост, достоинството и права (член 1 и 2), а меѓу другото е пропишано дека секој има право на живот, слобода и безбедност (член 3)[114].

[114] https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights, пристапено на 14.11.1022

Меѓународен пакт за граѓански и политички права[115] во член 2 забранува дискриминација и бара од државите да обезбедат еднакви права за мажите и жените да ги уживаат правата предвидени во Пактот. Во член 17 се регулира правото на приватен и семеен живот. Оваа одредба е особено важна, бидејќи приватноста и немешањето во семејниот живот одамна е аргумент за нереакција на државата, или на толерирање на семејното насилство. Меѓутоа, анализата на одредбите од горенаведениот член јасно води до заклучок дека правото на приватност и семеен живот не е неприкосновено. Тоа се штити од произволно и незаконско мешање, што е основа за интервенција во семејства каде што има насилство. Членот 23 го регулира правото на семеен живот, и го дефинира семејството како природна и основна клетка на општеството, која има право на заштита од општеството и државата. Државите се обврзани да ги преземат сите неопходни мерки за да обезбедат еднаквост во правата и должностите на сопружниците во однос на бракот, траењето на бракот и во случај на развод.

Слично, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права[116] бара од државите да обезбедат заштита и помош на семејството, како основна и природна клетка на општеството, особено за негово создавање, и одговорност за воспитувањето и одржувањето на децата за кои се грижи.

За насилството во семејството, во бракот и во партнерските односи, гледано низ објективот на насилството врз жените, значаен настан е и конференцијата во Најроби во 1985 година – една од најзначајните и највлијателните конференции каде за првпат насилството врз жените е претставено како форма на дискриминација и прекршување на човековите права. Во завршниот документ на оваа конференција било наложено државите да преземат ефективни мерки за идентификување, спречување и елиминирање на насилството врз жените, кога тоа се случува во семејството, и дека на насилството во семејството не треба да се гледа како на „неизлечива појава“, туку како „удар врз физичките и морален интегритет на жените“, против кој тие имаат „право, но и обврска да се борат, без оглед на тоа дали се жртви или сведоци.[117]“

[115] https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-civil-and-political-rights, пристапено на 14.11.2022
[116] https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-economic-social-and-cultural-rights, пристапено на 14.11.2022
[117] Јовановић, С.(2008). Међународни оквири заштите од насиља у породици, Правни живот, бр. 9

На конференцијата во Најроби ѝ претходеа две светски конференции за жени: во Мексико Сити во 1975 година, која, од Генералното собрание во 1972 година беше прогласена за Меѓународна година на жените, додека на самата конференција е прогласена Декадата на жените (1976-1985). Втората конференција била одржана во Копенхаген во 1980 година. Клучните теми на овие конференции биле еднаквост, мир, развој. Треба да се спомене и Светската конференција одржана во Виена во 1993 година, која во рамките на концептот на човекови права ги разгледувала и спецификите на остварување или повреда на правата на жените, а се осврнала и на прашањето за насилството врз жените во јавната и приватната сфера.

Донесени се и неколку меѓународни документи посветени на заштита на жените кои се жртви на семејно насилство во кои се осудува насилството и се воспоставуваат механизми и стандарди за спречување на оваа појава.

Меѓу меѓународните документи како особено значајни се издвојуваат:

- *Конвенција на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW), од 1979 година*

  Прв меѓународен правен инструмент, кој со повикување на одредбите од веќе усвоените меѓународни документи и со нагласување на обврските на земјите членки да обезбедат еднаквост меѓу мажите и жените, сеопфатно гарантира заштита на граѓанските, политички, економски, социјални и културни права на жените. За целите на оваа Конвенција, поимот „дискриминација на жените“ означува каква било разлика, исклучување или ограничување во однос на полот, кој има за последица или цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или остварување од страна на жените на човековите права и основните слободи во политичката, економска, социјална, културна, граѓанска или друга област, без оглед на нивниот брачен статус, врз основа на еднаквоста на мажите и жените (член1). Од посебно значење е одредбата од член 5, која предвидува дека земјите членки треба да преземат мерки за измена на општествените и културните обичаи во однос на однесувањето на мажите и жените за да се отстранат предрасудите, како и вообичаената и секоја друга практика заснована на инфериорноста или супериорноста на едниот или другиот пол или на традиционалната улога на мажот или жената.
- *Декларација за елиминација на насилството врз жените, од 1993 година*

Од државите се бара да го осудат насилството и да не се повикуваат на никакви обичаи, традиции, верски или други верувања, со цел да ги избегнат нивните обврски.

- *Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето*

  Како еден од основните принципи, заедно со оние означени како посветеност на најдобриот интерес на детето, се пропишува правото на живот, преживување и развојот и почитувањето на ставовите на детето, што е воедно и принцип на недискриминација. Одредбите од важност за разбирањето на последиците од семејното насилство кои може да ги има врз развојот на детето, а со тоа и обврските на државата да ги преземе сите мерки за претпазливост се наведени во Преамбулата на Конвенцијата.

- *Пекингшката декларација и Платформата за акција, од 1995 година*

  Претставува резултат на Четвртата светска конференција за жени одржана во Пекинг во 1995 година. Посебен дел е посветен на насилството врз жените. Во делот Платформа за акција со наслов Насилство врз жените, уште еднаш е укажано на основните постулати од важност за разбирањето на неопходноста од почитување на човековите права и основните слободи на жените, а потоа и на фактите: дека насилството врз жените е пречка за постигнување на целите за еднаквост, развој и мир; дека насилството врз жените го повредува, загрозува и поништува уживањето на човековите права и основните слободи на жените; дека причина може да биде и нискиот социјален и економски статус на жената и последиците од насилството врз жените (член 112). Во однос на семејното насилство, се наведува дека овој вид насилство често се толерира и дека „физичката и сексуалната злоупотреба и силувањето на жените и децата од членови на семејството и други членови на домаќинството се игнорираат, како и појавите на злоупотреба од брачен другар и друго лице“, не се пријавуваат и дека поради тоа се тешко воочливи. А кога таквото насилство се пријавува „често недостасува заштита на жртвите и казнување на сторителот“. Декларацијата се однесува и на проблемот на непостоење адекватни податоци и статистика на сторителите по пол, како и истражувања кои би го олесниле создавањето, спроведувањето и следењето на програмите против насилство. Исто така, се инсистира на ефективни правни и други механизми, пред сè, со цел да се спречи насилството. Други акти на насилство врз жените вклучуваат: насилство врз човековите права на жените во ситуации на вооружен конфликт

(особено убиство, систематско силување, сексуално ропство и присилна бременост), присилна стерилизација и присилно прекинување на бременоста, насилна употреба на контрацептивни средства, женско чедоморство и пренатален избор на пол (член 114 и 115).

- *Резолуција 2003/45 за елиминација на насилството врз жените на Комисијата за човекови права на ОН*

  Се потврдува дека поимот „насилство врз жените“ значи секој чин на родово засновано насилство што резултира или најверојатно ќе резултира со физичка, психолошка, сексуална или психолошка повреда или страдање на жените, вклучително и закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали станува збор за јавен или приватен живот, вклучително и семејно насилство, кривични дела извршени во име на честа, кривични дела извршени во име на страста, трговија со жени и девојки, традиционални обичаи штетни за жени, вклучително и осакатување на женските гениталии, рани и присилни бракови, убиства на доенчиња, насилство и убиства поврзани со мираз, напади со киселина и насилство во врска со комерцијална сексуална експлоатација, како и економска експлоатација (член 4);

- *Миленијумска декларација* (усвоена на Миленијумскиот самит одржан во Њујорк на 8 септември 2000 година)

  Се поистоветува положбата на жената со положбата на мажите со изрично наведување дека „мажите и жените имаат право да живеат и да ги воспитуваат своите деца во достоинство“ (I, 6), како и дека „истите права и можности мора да им се гарантираат на жените и мажите“ (I, 6). Во рамките на поединечно наведените групи на права, особено е нагласена неопходноста од спротивставување на сите форми на насилство врз жените, како и спроведување на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (V, 25).

- *Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи*

  Станува збор за еден од најважните документи на Советот на Европа за заштитата на човековите права (вклучувајќи ги и жртвите на семејно насилство). Членот 7 предвидува дека секој има право на почитување на приватниот и семејниот живот, стан и кореспонденција. Јавните власти нема да се мешаат во остварувањето на овие права, освен ако тоа не е во согласност

со законот и неопходно во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, јавната безбедност или економскиот профит на земјата, заради спречување на неред и криминал, заштита на здравјето и моралот или за заштита на правата и слободите на другите. Европската конвенција за човекови права дозволува интервенција на државата во семејството, доколку во него има насилство, што претставува повреда на правата и слободите на другите.

- *Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и насилството во семејството*

  Усвоена на 11 мај 2011 година од страна на Советот на Европа, оваа Конвенција за првпат го издвојува семејното насилство и го одредува одвоено од насилството врз жените, истакнувајќи ја неговата посебност и опасност. Покрај дефинирањето на насилството врз жените во член 3а, во споменатиот член 3б од Конвенцијата, „семејното насилство“ е дефинирано како секое физичко, сексуално, психичко или економско насилство што се случува во семејството или домаќинството, односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, независно од тоа дали сторителот дели, или делел домаќинство со жртвата. Со конвенцијата е предвидено земјите членки да се обврзат да спроведуваат истражувања, собираат и да го поддржуваат собирањето податоци за сите видови насилство предвидени со ова Конвенција. Се планира и собирање и обработка на статистички податоци кои ќе се стават на располагање на јавноста, подигање на свеста за семејното насилство, организирање образовни програми за еднаквост на жените и мажите, ненасилно решавање конфликти во партнерски односи, организирање професионална обука за компетентни експерти кои се занимаваат со жртви на насилство, организирање превентивни програми и работа со сторителите, особено постоењето на доволен број безбедни куќи за сместување на жртвите кога станува збор за жените и децата, воспоставување на СОС-бесплатна линија и постоењето на низа граѓанско-правни мерки, како и обврската на земјите членки да преземат низа мерка за криминализирање на дејствијата, како што се: осакатување на женски полови органи, принуден брак, принуден абортус и присилна стерилизација, сексуално вознемирување. Со Конвенцијата се предвидува и како мора да биде регулирана постапката за семејно насилство, од самата пријава, гонењето по службена должност,

спроведувањето истрага, итноста на постапката, забраната на можноста за алтернативни начини за решавање на спорови, околностите што треба да се земат како отежнувачки кога се носи одлуката за кривична санкција. Предвидено е и формирање на експертска група за борба против насилството против жените и семејното насилство (GREVIO), која ќе ја следи имплементацијата на Конвенцијата од страна на земјите членки.

Други документи на Советот на Европа, кои поконкретно се однесуваат на превенцијата на семејното насилство, во бракот и партнерските односи се резолуции и декларации кои го изразуваат ставот на членките на Советот на Европа во однос на одредено прашање или препораки кои немаат обврзувачки карактер и припаѓаат на т.н. меко право, бидејќи содржат насоки кои треба да ги применуваат законодавците на земјите членки при донесувањето на националните регулативи на национално ниво.

Препораката Р (85)4 на Комитетот на министри на земјите-членки за семејното насилство го дефинира семејството како основна организациона единица на едно демократско општество, при што секој од неговите членови ужива заштита од семејно насилство. Се нагласува дека семејното насилство најмногу ги погодува жените и децата. На државите им се препорачува да ја информираат јавноста за распространетоста, сериозноста и специфичноста на семејното насилство, да обезбедат професионална обука за сите одговорни за борба против семејното насилство, да ја организираат, поттикнуваат и поддржуваат работата на службите чија задача е да им пружат помош на жртвите на семејно насилство, да ги преземат неопходните мерки за ограничување или забрана на слободата за физичко казнување на децата во семејството. Психосоцијалното советување на насилниците треба да биде општо правило, особено кога насилникот се согласува да подлежи на надзор на социјални, медицинско-социјални и пробациски служби. Исто така, ако жртвата не сака, или општествените интереси не го бараат тоа, се предлага да не се поведува кривична постапка за заштита од семејно насилство.

Препораката Р (90) 2 за социјални мерки поврзани со семејно насилство[118] од Комитетот на министри ги повикува земјите членки да преземат општи мерки (системски реформи на социјална и здравствена заштита, работа, култура и образование и др.) и посебни мерки (информации и едукација за причините,

[118] https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016804e91bc, пристапено на 14.11/2022

распространетоста на насилството, за постоењето на програмата за помош и заштита итн.). Неопходна е и достапноста на советувалишта и „кризни центри“ и терапевтски програми за насилниците. Исто така, се препорачува да се промовира грижата за децата и неприменување на понижувачки третман кон децата. Кога станува збор за насилството врз жените, се препорачува давање економска помош, особено кога жената е зависна од насилникот, основање безбедни куќи, помош од адвокати, психолози, искуствена група за поддршка. Во случај жената да се врати кај насилникот, социјалниот работник треба да го следи развојот на ситуацијата. Исто така, се препорачува да се едуцираат службеници кои ќе работат со жртвите и насилниците за семејното насилство и карактеристиките и потребите на жртвата, но и насилникот.

Препораката 1450 (2000) за насилство врз жените изразува големо жалење поради зголемувањето на насилството врз жените во земјите членки на Советот на Европа, дека со тоа се прекршуваат нивните основни човекови права и тоа: право на живот, безбедност, достоинство, физички и психолошки интегритет. Се предлага да се донесат закони со кои се санкционираат сите облици на семејно насилство, инкриминација на брачно силување, обезбедување на совет, флексибилност во однос на пристапот до правдата, и во однос на достапноста на различни постапки за дејствување на државните органи по службена должност, како и организација на едукативни програми за припадници на полиција, судство, установите, центрите и прифатилиштата за жртви од насилство, организирање кампањи за подигање на свеста за неприфатливоста на насилството врз жените и унапредувањето на родовата еднаквост.

Препораката 1582 (2002) за насилство врз жените во семејството укажува дека насилството во семејството треба да се третира како политички и јавен проблем и како кршење на човековите права. Неопходно е земјите членки на Советот на Европа да ги истражат, спречат и казнат сите дела на семејно насилство и да се обезбеди заштита на жртвите од тоа насилство. Исто така, се издвојува важноста на развивање стратегии за интервенција на заедницата на локално ниво, која е насочена кон координација и соработка помеѓу државните органи и мобилизацијата финансиски и човечки ресурси во борбата против семејното насилство, повикувајќи луѓе да бидат поодговорни. Исто така, се препорачува да се обезбеди посебна финансиска поддршка на невладини организации и здруженија за жени, кои работат со жртви на семејното

насилство, подобрување на статистиката за насилство, на која би се засновала јасна слика за природата и распространетоста на семејното насилство, и ќе се создаде соодветна политика на спротивставување на насилството.

Препораката Rec (2002) 5 за заштита на жените од насилство претставува прв меѓународен инструмент кој предлага глобална стратегија за спречување на насилство и заштита на жртвите, опфаќајќи ги сите видови родово базирано насилство. Исто така, се препорачува формирање на истражувачки центри, вклучувајќи ги и оние на универзитетско ниво. Неопходна е и соработка на здравствените, социјалните и образовните институции, за да се координира акцијата против насилството. Акцентот е ставен на превентивните, образовни активности, за момчињата и девојчињата да се образуваат без културни обрасци, предрасуди и стереотипи за родовите улоги. Посебен дел е посветен и на медиумите, локалното планирање и заштитата на жртвите, криминалните и граѓанските процедури и програми за превенција и третман на насилниците. Во правната рамка на Европската Унија има малку правно обврзувачки документи кои го третираат проблемот со семејното насилство, но обврските што ги поставува правната рамка на Европската Унија во однос на насилството врз жените имплицитно ги регулира и обврските на земјите членки во однос на семејното насилство.

Еден од правно-обврзувачките документи, кој треба да ја подобри положбата на жртвите од семејно насилство, е *Директивата за правото на граѓаните на ЕУ* и нивните семејства да се движат и престојуваат слободно на територијата на земјите членки. Членот 13 став 2 предвидува можност жртвите на семејно насилство да го задржат правото на престој во ЕУ, во случај на развод.

Во 2006 година, Европскиот парламент ја усвои *Резолуцијата за актуелната состојба во борбата против насилството врз жените* и идните активности кои ќе се преземаат на тој план[119]. Резолуцијата содржи список на мерки што треба да се преземат во борбата против насилство врз жените, криминализацијата на брачното силување како кривично дело, обезбедување здравствена, социјална, психолошка, парична помош на жртвите на насилство, основање центри за пружање помош на деца

[119] https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-6-2006-0038_EN.html?redirect, пристапено на 14.11.2022

и жени жртви на насилство, имплементација на програми за работа со насилникот во социјални центри итн.

Во 2007 година, Советот на Европската Унија ја усвои Препораката за спречување на повредување и промоција на безбедност, која ги повикува државите да преземат чекори за спречување на намерна повреда, особено на жените и децата во семејството. Во април 2009 година, Европскиот парламент ја усвои Декларацијата за кампањата „Кажи НЕ за насилство врз жените“. Исто така, многу важна е и Резолуцијата на Европскиот парламент, донесена на 5 април 2011 година за приоритетите и политиките на Европската Унија во борба против насилството врз жените[120]. Преземајќи водечка улога во заштитата на човековите права, Советот на Европа ја усвои Конвенцијата позната како „Истанбулска конвенција“. Истанбулската конвенција е општоприфатена како правен инструмент кој има најширока примена со цел спречување и сузбивање на насилството врз жените и семејното насилство како форма на кршење на човековите права и која по прв пат подразбира и финансиска помош на жртвите. Како нов сегмент од политиката на Европската Унија во борбата против насилството, посочува дека насилството врз жените е несомнено најсериозната форма на родово базирано насилство, но и дека тоа насилство во партнерските односи кон другите жртви - деца, мажи и стари лица е исто така скриена појава која треба да се истражува и не треба да се игнорира. Европската Унија ја продолжи својата активност во борбата против насилството во семејството, како што покажува Резолуцијата на Европскиот парламент од 25 февруари 2014 година со препораките на Комисијата за борба против насилството врз жените[121].

2.2. Домашната законска регулатива и семејното насилство

Насилството во семејството е една од оние социопатолошки појави во нашето општество која е маргинализирана и игнорирана со децении. Патријархалните сфаќања за односот меѓу половите и родителството, кои сè уште се доминантни во нашата средина, претставуваат едно од основните причини поради кои семејното

[120] https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-7-2011-0127_EN.html?redirect, пристапено на 14.11.2022

[121] https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-7-2014-0126_EN.html?redirect, пристапено на 15.11.2022

насилство не се смета за сериозен облик на насилство, туку за вообичаено и општествено прифатливо однесување.

Политичката ориентација на општеството да го усогласи својот правен систем со меѓународните и европските правни стандарди и долгогодишно систематско јавно застапување и лобирање на женските невладини организации доведе до конституирање и афирмација на одредени закони и формирање на институционални механизми за спречување и сузбивање на семејното насилство.

Уставот на РС Македонија пропишува еднаквост на граѓаните во слободите и правата (член 9) и забранува „секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување“ (член 11). Семејното насилство е дел и од Кривичниот законик, Законот за семејството, Законот за социјална заштита и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Во Кривичниот законик, членот 122 став 21 го дефинира семејното насилство. **Физичкото насилство** е опфатено со следните кривични дела:

- Членот 130 став 1 пропишува дека основната форма на кривичното дело лесна физичка повреда ја врши тој што телесно повредува друг или му го нарушува здравјето и му е предвидена глоба или казна затвор до три години. Доколку делото е сторено во контекст на семејно насилство (член 130 став 2), се предвидува затворска казна од шест месеци до три години.
- Кога станува збор за тешки телесни повреди, основната форма е казната затвор во траење од шест месеци до пет години (член 131 став 1), а ако делото е сторено во семејството - со затвор од една до пет години (член 131 став 2). Кога станува збор за особено тешката телесна повреда се казнува со затвор од една до десет години, а ако тешката телесна повреда е оквалификувана со смрт, казната е најмалку една година. Членот 131 став 6 предвидува дека оној што ќе го изврши дејствието во моментот, доведен до „состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на повредениот“, ќе се казни за прекршокот од став 1 и 2, со парична казна или со затвор до три години односно со затвор од една до пет години.
- Во случај на лишување од живот при вршење на семејно насилство (член 123), казната е најмалку десет години или доживотен затвор.

- Убиството на миг (член 125) како последица од семејно насилство се казнува со затвор од една до пет години.

Во Кривичниот законик психичкото насилство е опфатено со следните кривични дела:

- Кога станува збор за кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот, кај кривичното дело принуда (член 139) околноста присилба да е извршена во семејството е квалификациска околност, за што следува затворска казна од шест месеци до три години.
- Доколку кривичното дело противправно лишување од слобода (член 140) се правело во при вршење семејно насилство, затворската казна е од шест месеци до три години.
- Во случај на загрозување на сигурноста при семејно насилство (член 144), следува казна затвор од три месеци до три години.

Сексуалното насилство е санкционирано со кривичните дела:

- Силување (член 186).
- Обљуба со злоупотреба на положбата (член 189) со казна од пет, односно десет години во случај на малолетно лице постаро од 14 години.
- Посредување во вршење проституција (член 191), со кој се предвидени повеќе облици на делото, но во случај некое од нив да биде извршено во семејството, пропишана е казна од најмалку десет години.

Членот 33 од Законот за семејството, забранува насилство во бракот и семејството. Во глава VI под името „Нарушени односи во бракот и семејството“, во член 94 б предвидена е забрана за секаков вид на насилство „меѓу членовите на семејството, без оглед на пол и возраст.“

Центарот за социјална работа презема мерки за заштита на семејствата и лицата кои се жртви, сами или на барање на семејството. Тој поднесува и барање за изрекување на времена мерка заштита, кога се работи за малолетно, или деловно неспособно лице и кога е во прашање полнолетно работоспособно лице, само со согласност на жртвата. Привремено мерките за заштита од семејно насилство ги определува судот, и тие опфаќаат: забрана за злоупотреба, вознемирување, контактирање и комуникација со жртвата, директна или индиректна, забрана за пристап, отстранување од куќата, без оглед на сопственоста до правосилна одлука на

судот, забрана за поседување огнено оружје или друго оружје или наредба да се одземе, наредба да се вратат работите на жртвата потребни за задоволување на дневните потреби, наредба насилникот да посети советување, да се лекува од зависност или друга болест, да компензира за медицински и други трошоци настанати во врска со извршеното насилство.

Согласно Законот за социјална заштита, член 31, жртвите од семејно насилство имаат право на дневно згрижување во дневен центар, право на здравствена заштита (член 84), право на советувалиште (член 151), мерки за заштита (член 157).

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство го уредува постапувањето на институциите со должно внимание при преземањето мерки за превенција од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, постапувањето на институциите за заштита на жените од родово базирано насилство и семејното насилство, меѓусебната координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирањето на податоци за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Предмет на истражување

Семејното насилство е посебен облик на насилство, со кој се нарушуваат правата на живот, слободата, физичкиот, психолошкиот и сексуалниот интегритет, безбедноста и човечкото достоинство на член од семејството. Тоа може да му се случи на секого и се одвива преку различни форми на психолошка, физичка, сексуална и материјално-економска злоупотреба. Иако недостигаат прецизни податоци за опсегот на семејното насилство, бидејќи повеќето акти на насилство се случуваат во четири ѕида и најчесто се молчи (поради срам, страв, вина или недостаток на информации за соодветна помош), бројни студии покажуваат дека семејните насилството е многу раширено, дека има сериозни последици и дека неговите жртви се многу почесто жени и деца отколку возрасни мажи.

Токму семејното насилство е предмет на овој магистерски труд, односно поврзаноста на образованието (на жртвата и насилникот) со семејното насилство. Овој магистерски труд треба да даде одговор на прашањето дали образованието на жртвата и насилникот е фактор кој придонесува за случување/неслучување на семејното насилство.

2. Цел на истражувањето

Во овој магистерски труд целта на истражувањето е насочена кон согледувањето на поврзаноста помеѓу степенот на образование на жртвата и насилникот со семејното насилство. Овој магистерски труд треба да ги збогати знаењата во однос на разработената проблематика, да овозможи нејзино подобро разбирање, но и нејзините резултати да се користат како основа на други истражувања. На крајот, авторот се надева дека со овој магистерски труд ќе придонесе кон зголемувањето на свеста за семејното насилство, нешто што е многу важно посебно за традиционална и патријархална средина, како што, во поголемиот дел, е македонската.

3. Задачи на истражување

Како истражувачка задача се појавуваат:

- Добивање на теоретски и практични сознанија за семејното насилство од анализата на стручната литература и другите секундарни извори;
- Воочување на видовите на семејно насилство врз жената која е жртва на семејното насилство;
- Осознавање на степенот на образование на жените – жртви на семејното насилство;
- Осознавање на степенот на образование на насилникот – сторител на семејното насилство;
- Воочување на разликата во степенот на образование помеѓу жената – жртва на семејното насилство и насилникот;

- Доаѓање до сознанија дали жената – жртва на семејното насилство во примарното семејство била жртва на семејно насилство;
- Осознавање за степенот на образование на родителите на жените – жртви на семејно насилство.

4. Истражувачки прашања кои произлегуваат од зададените хипотези

- Кој вид на семејно насилство е најчесто застапен?
- Кој степен на образование го имаат жените – жртви на семејното насилство?
- Кој степен на образование го има насилникот – сторител на семејното насилство?
- Дали има разликата во степенот на образование помеѓу жената – жртва на семејното насилство и насилникот?
- Дали жената – жртва на семејното насилство во примарното семејство била жртва на семејно насилство?
- Кој степен на образование го имаат родителите на жените – жртви на семејно насилство?

5. Хипотези на истражување

<u>ГЛАВНА ХИПОТЕЗА</u>

Постои поврзаност помеѓу степенот на образование и семејното насилство.

<u>ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ</u>

1) Степенот на образование на жената е фактор за таа да стане жртва на семејно насилство.
2) Степенот на образование на сопругот/партнерот е фактор за ризик за вршење на семејно насилство.
3) Поголемиот образовен јаз меѓу сопружниците/партнерите носи поголем ризик за семејно насилство.

6. Варијабли на истражување

Во истражувањето варијаблите се групирани како независни и зависни варијабли.

Независни варијабли се:

- Возраста
- местото на живеење
- работниот статус

Зависна варијабла е:

- Степенот на образование.

7. Методи, техники и инструменти на истражување

За исполнување на целите на магистерскиот труд, применети се неколку методи и тоа: методот на компарација со кој се вршат споредби за да се забележат сличности, односно за да се истакнат заедничките карактеристики или разлики; метод на дескрипција, со кој се опишуваат сите основни поими за да се зголеми објективноста и точноста; метод на класификација, со чија што помош во трудот ќе се внесе прегледност и ред, како и метод на теоретска анализа, со кој се бараат врските, причините и последиците за да се изведе заклучокот со помош на разложените составни елементи. Во овој труд се примени техниката на анкетирање, за што се искористи инструментот анкетен прашалник, создаден за потребите на ова истражување.

8. Популација и примерок

Истражувањето во овој труд се спроведе во невладини организации кои работат со жени кои се жртви на семејно насилство по добиена согласност од жртвите за пополнување на анонимниот прашалник. Истражувањето опфати примерок од 90 жени – жртви на семејно насилство.

9. Статистичка обработка на податоците

Резултатите од пополнетите анкетни прашалници се анализирани со помош на соодветна статистичка програма, а истите се и графички прикажани со помош на програмата MS Excel.

10. Организација и спроведување на истражувањето


Истражувањето се одвиваше во три фази. Првата фаза, која воедно е и подготвителна фаза во однос на истражувањето, опфати добивање на согласност од невладините организации за анкетирање на жените – жртви на семејно насилство со кои тие соработуваат, по што следуваше и техничка подготовка за изведување на истражувањето. Во втората фаза се спроведе анкетирањето, додека во третата фаза се изврши анализа и интерпретација на резултатите од прашалниците.

11. Анализа на резултатите од истражувањето

Анкетниот прашалник, креиран за целите на овој магистерски труд, беше пополнет од страна на 90 жени – жртви на семејното насилство со следната демографска структура:

Табела 1: Возраст на испитаниците


		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	20-35	42	46.7	46.7	46.7
	36-50	34	37.8	37.8	84.4
	51-65	12	13.3	13.3	97.8
	повеќе од 65 години	2	2.2	2.2	100.0
	Total	90	100.0	100.0	



Графикон 1: Возраст на испитаниците

Табела 2: Статус на вработеност на испитаниците

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	невработена	52	57.8	57.8	57.8
	вработена	38	42.2	42.2	100.0
	Total	90	100.0	100.0	



Графикон 2: Вработеност на испитаниците

Табела 3: Место на живеење на испитаниците


		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	градска средина	56	62.2	62.2	62.2
	рурална средина	34	37.8	37.8	100.0
	Total	90	100.0	100.0	



Графикон 3: Место на живеење на испитаниците

Табела 4: Степен на образование на жената – жртва на семејното насилство

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	основно училиште	14	15.6	15.6	15.6
	средно училиште	36	40.0	40.0	55.6
	незавршено средно училиште	9	10.0	10.0	65.6
	факултет	11	12.2	12.2	77.8
	незавршен факултет	16	17.8	17.8	95.6
	друго	4	4.4	4.4	100.0
	Total	90	100.0	100.0	




Графикон 4: Степен на образование на жената – жртва на семејно насилство

На прашањето за степенот на образование на жената – жртва на семејното насилство, може да се види дека најголемиот број се со завршено средно образование – 58 % (36 или 40 % со средно и 16 или 18 % со незавршен факултет). Под опцијата друго, две испитанички навеле вишо образование, а две навеле дека се магистри. Иако жените – жртви на семејното насилство се од сите возрасти и се со различно образование, сепак може да се заклучи дека најголемиот дел од нив (во случајот повеќе од половината испитанички) имаат завршено средно образование, а потоа (26 %) имаат завршено основно образование. До слични резултати дојдено е и при истражувања реализирани во други земји (Јужна Африка, Салвадор, Бахија, Бразил), каде најголемиот број на жени врз кои се вршело семејно насилство биле со средно образование[122, 123]. Сето наведено, заедно со претходните теоретски сознанија, оди во прилог на првата помошна хипотеза: „Степенот на образование на жената е фактор за таа да стане жртва на семејно насилство“.


На прашањето: „Дали во примарното семејство (во детството) бевте изложени на насилство?“, повеќе од половината испитанички (47) дале потврден одговор.

[122] https://www.objnursing.uff.br/index.php/nursing/article/view/5380/html, пристапено на 14.11.2022
[123] https://journals.plos.org/plosone/article?id=10.1371/journal.pone.0225412, пристапено на 14.11.2022




Графикон 5: Семејно насилство во примарното семејство

На прашањето: „Од кој член на семејството доживеавте семејно насилство?“, дадени се следните одговори: мајка – 12, татко – 27, брат – 4, сестра – 2, друго – 2 (чичко, вујко).




Графикон 6: Насилник во примарното семејство

На прашањето за степенот на образование на мајката на жртвата на семејното насилство, дадени се следните одговори: без образование – 0, основно училиште – 18, незавршено основно училиште – 4, средно училиште – 34, незавршено средно училиште – 9, факултет – 16, незавршен факултет – 9, друго – 0. Од дадените одговори може да се заклучи дека најголемиот број на мајки се со завршено средно образование – 43 (9 од нив се запишале, но не успеале да завршат факултет).




Графикон 7: Степен на образование на родителот (мајката) на жртвата на семејно насилство

На истото прашање како и претходното, но сега во врска со таткото на жртвата на семејно насилство, дадени се следните одговори: без образование – 0, основно училиште – 16, незавршено основно училиште – 3, средно училиште – 40, незавршено средно училиште – 2, факултет – 16, незавршен факултет – 9, друго – 4 (2 – виша и 2 магистри). Од дадените одговори може да се заклучи дека најголемиот број на татковци на жените – жртви на семејно насилство се со завршено средно образование – 49 (9 од нив се запишале, но не успеале да завршат факултет).



Графикон 8: Степен на образование на родителот (таткото) на жртвата на семејно насилство

На прашањето: „Во каков однос сте со насилникот?“, дадени се следните одговори: брачен партнер – 32, вонбрачен партнер – 17, поранешен брачен партнер – 24, поранешен вонбрачен партнер – 6, интимен пријател – 8, поранешен интимен партнер – 3, друго – 0. Од одговорите може да се види дека најголемиот број на насилници се најчесто брачните партнери или поранешните брачни партнери.




Графикон 9: Однос со насилникот

На прашањето: „Степен на образование на насилникот?“, дадени се следните одговори: без образование – 1, основно училиште – 5, незавршено основно училиште – 3, средно училиште – 41, незавршено средно училиште – 0, факултет – 28, незавршен факултет – 7, друго – 5 (двајца со виша и тројца магистри). Може да се согледа дека најголемиот дел од насилниците имаат завршено средно образование.

Табела 5: Степен на образование на насилникот


		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	без образование	1	1.1	1.1	1.1
	основно училиште	5	5.6	5.6	6.7
	незавршено основно училиште	3	3.3	3.3	10.0
	средно училиште	42	46.7	46.7	56.7
	факултет	28	31.1	31.1	87.8
	незавршен факултет	7	7.8	7.8	95.6
	друго	4	4.4	4.4	100.0
	Total	90	100.0	100.0	



Графикон 10: Степен на образование на насилникот


Анализирајќи ги податоците за степенот на образование на насилникот, може да се увиди дека најголемиот дел од нив се со завршено средно образование. Насилниците се со различен степен на образование – ги има од оние кои се без образование до магистри, но сепак повеќе од половина од испитаниците (54 %) се со завршено средно образование. Овој факт оди во прилог на тврдењето дека степенот на образование на сопругот/партнерот е фактор за ризик за вршење на семејно насилство.

На прашањето: „На каков вид на насилство сте биле изложени?“, дадени се следните одговори: физичко насилство – 90, психичко насилство – 90, сексуално насилство – 24, економско насилство – 62.



Графикон 11: Вид на насилство

На прашањето: „Колку време трае насилниот однос?“, анкетираните одговориле: еден месец – 3; 1 година – 21; 2 - 5 години – 37; 6 -10 години – 19, повеќе од 10 години – 8.



Графикон 12: Времетраење на насилниот однос

Од дадените одговори, може да се заклучи дека во најголем број од пријавените случаи насилниот однос трае од 2 до 5 години.

На прашањето: „ Од кого сè сте побарале помош за да се справите со семејното насилство?“, дадени се следните одговори: полиција – 53, невладина организација –

90, СОС телефон – 23, Центар за социјални грижи – 43, роднини – 19, пријатели – 27, друго - 4 (кај деца).



Графикон 13: Пријавено насилство

Доколку се споредат податоците за степенот на образование на жртвата и насилникот, може да се види дека во најголемиот случај – 53 случаи (или 59 %) постои разлика во степенот на образование помеѓу насилникот и жената – жртва на семејно насилство, од кои кај 37 случаи разликата е во едно ниво (на пример, средно, факултет), додека во 16 случаи станува збор за разлика во образованието од два степена (пример: средно, магистер). Ова ја потврдува исказот дека образовниот јаз меѓу сопружниците/партнерите носи ризик за семејно насилство. За да се потврди дека поголемиот образовен јаз носи поголем ризик за семејното насилство, сепак е потребен поголем примерок на испитаници.

Од сето наведено може да се заклучи дека ***постои поврзаност помеѓу степенот на образование и семејното насилство.***

Заклучок

Семејството е составен дел од општеството, така што семејните односи не можат да се набљудуваат надвор од општествената реалност, односно одвоено од другите општествени односи и појави. Имено, покрај основните функции, како што се: репродуктивните, економските, воспитните, заштитните и социјализаторските, семејството овозможува задоволување на бројни емоционални, социјални, културни и други потреби, како меѓу мажот и жената како сопружници, така и меѓу нив како родители и нивните деца, а потоа меѓу сите членови на семејството меѓусебно и семејството и општествената заедница. Здравото и хармонично семејство овозможува непречен развој на поединецот и претставува цврста основа за правилен развој на општеството. Секое општество се стреми да ги организира и законски да ги регулира семејните односи во согласност со своите потреби. Оттука и изјавата на Е. Фром „дека секое општество има семејство како што заслужува“.

Семејното насилство стана универзален феномен, заеднички за сите општества, без оглед на различните особености на семејството во однос на различните култури и општествени форми на семејството низ историјата. Сепак, и покрај различните форми, семејното насилство секогаш претставува повреда на основните човекови права на член во семејството. Затоа, на овој проблем треба да се пристапува систематски, на сите нивоа и да се обезбеди заедничко делување на општеството и институциите, како и подобрување на законодавната рамка во областа на заштитата од семејно насилство.

Многу жртви живеат со страв, понижени и повредени и молчат затоа што чувството на вина дека самите придонеле за тоа и заслужиле да бидат предмет на нечија омраза, го надминува нивното право на живот, раст и сигурност. Без поддршка, тие остануваат сами, продолжувајќи го својот живот во средина која ја задушува нивната индивидуалност. Жртвите остануваат сами, се повлекуваат во себе и во тој мрак стануваат невидливи за околината, а зошто? Бидејќи се плашат да не бидат осудени, се срамат од понижувањето што го доживеале и многу често не им се верува кога ќе ја кажат вистината. Општеството сè уште го доживува овој проблем како „семејна работа“ која треба да остане во кругот на семејството, иако тоа не смее да биде случај. Семејното насилство е општествен проблем, на општеството мора соодветно да одговори и да создаде можност жртвите отворено да зборуваат за своите проблеми, а од друга страна, казните за сторителите ќе бидат сразмерни на

причинетата штета. Казнената политика нема превентивна улога за насилниците, од причина што казните се многу мали, а ниту една казна не е доволна за страдањето и понижувањето кое жртвата го доживува. Злоупотребата и запоставувањето на децата го привлекува вниманието на јавноста во последниве години, исто како и насилството врз жените, иако вистинскиот број на жени и деца кои доживуваат насилство останува непознат бидејќи само мал број случаи се гонат. Она што општеството треба да го направи е да ја подобри националната и меѓународната соработка против насилството врз жените и децата и активно да работи за сузбивање на насилството, така што најдобриот интерес на индивидуите да стане основна вредност што мора да ја почитуваат сите членови на општеството.

Семејното насилство е глобален социјален проблем кој постои во сите општества, а за чие решавање е потребна целосна вклученост и на локалната и на поширокатa јавност. Имено, сите форми на насилство оставаат неизбришливи траги во животот на жртвата. Повеќето деца кои се малтретирани во детството, стануваат насилници во иднина. Затоа, доколку на проблемот со семејното насилство му се посвети соодветно внимание, кое има за цел да ја намали и спречи злоупотребата, тоа е и превентивна акција за во иднина. Не треба да се заборави она што е карактеристично за овој феномен - неговата динамична природа, динамични причини, чиешто контролирање и сузбивање бара, покрај адекватна социјална реакција, и зајакнување на организациите кои обезбедуваат поддршка на жртвите на насилство.

Она што е потребно да се направи како координирана и сеопфатна акција, подразбира исполнување на барања за:

- постигнување на безбедност (безбедна заштита) на жртвата, што подразбира знаење за специфичните карактеристики на различни форми на родово базирано и семејно насилство, способност да се процени степенот на опасност (ризици), да се донесуваат соодветни одлуки и да се применуваат веќе стекнатите знаења за оваа проблематика;
- лоцирање на одговорноста за насилство (исклучиво) на насилникот, што го оневозможува функционирањето на техниките на намалување, негирање, споделување одговорност и обвинување на жртвите;
- приоритет на интервенцијата да биде да се запре насилството, што го одредува видот и редоследот на интервенцијата. Итноста на постапките на државните институции треба да биде усогласена со проценката на опасноста од

ситуацијата и ранливоста на жртвата/ите. Притоа, треба да се земе предвид нееднаквоста на моќта меѓу жртвите и насилниците, што вклучува напуштање на принципот на „еднаков третман“;

- соодветни интервенции за жртвата во форма на заштита, зајакнување и поддршка, а соодветни интервенции за сторителите на насилство во форма на забрана, контрола и санкционирање.

За потребите на овој труд, во контекст на темата семејно насилство, беше спроведено истражување во кое учествуваа 90 жени – жртви на семејното насилство. Од нивните одговори може да се увиди дека најчесто застапено семејно насилство е психичкото, односно физичкото насилство, при што и жените – жртви на семејното насилство и насилникот – сторител на семејното насилство, во најголемиот број на случаи се со завршено средно образование. Истражувањето исто така покажа дека во најголемиот број на случаи има разликата во степенот на образование помеѓу жената – жртва на семејното насилство и насилникот. Исто така, може да се увиди дека жената – жртва на семејно насилство доживувала насилство и во нејзиното примарно семејство, каде насилник најчесто бил нејзиниот татко. Врз основа на сите теоретски сознанија и врз основа на резултатите од спроведениот анкетен прашалник, може да се донесе заклучок дека се потврдува хипотезата на овој труд, која гласи: ***Постои поврзаност помеѓу степенот на образование и семејното насилство.***

Литература

1) Ackerson, L. K. et al. (2008). Effects of individual and proximate educational context on intimate partner violence: A population-based study of women in India. American Journal of Public Health, 98(3):507–514;

2) Adams, D., Adrienne, E., Sullivan, C. M., Deborah, B., and Greeson. R. M. (2008) „Development of the Scale of Economic Abuse―, Violence Against Women, 14 (5): 563–588.

3) Ајдуковић, Д. (2000). Насиље над женом у обитељи. Загреб: ДПП

4) Ајдуковић, М., Русац, С., Огреста, Ј. (2008). Изложеност старијих особа насиљу у обитељи, Ревија социјалне политике бр. 1

5) Ajduković, M. i Pavleković, G. (ur) (2000) Nasilje nad ženama u obitelji. Zagreb: Društvo za psihološku pomoć.

6) American Psychiatric Association. (1994). Diagnostic and statistical manual of mental disorders (4th ed.). Washington, DC: Author.

7) Андрић, С., Милашиновић, С. (2018). Насиље над женама у породици. Социолошки преглед, vol. LII. no. 3, стр. 857–885

8) Antović, A. R., Stojanović, J. (2017). Sudsko-medicinske karakteristike porodičnog nasilja. Srpski arhiv za celokupno lekarstvo, 145(5-6), str. 233.

9) Archer, J. (2000). Sex differences in aggression between heterosexual partners: A meta-analytic review, Psychological Bulletin, 126 (3): 651–680.

10) Brenes, M. Z. (2004). Domestic violence and household decision-making: evidence from East Africa. University of California, Berkeley

11) Бошковић, М. (2001). Криминална етиологија, Нови Сад: Правни факултет

12) Bronfenbrenner, U. (2005). Making human beings human: Bioecological perspectives on human development. Thousand Oaks, CA: Sage.

13) Campbell, J., Messing, J. T. (2017). Assessing Dangerousness, Third Edition: Domestic Violence Offenders and Child Abusers (Vol. Third edition). New York, NY: Springer Publishing Company

14) Chambliss, W. J. (2011). Crime and Criminal Behavior. Thousand Oaks: SAGE Publications

15) Čudina – Obradović, M., Obradović, J. (2006). Psihologija obitelji i braka. Zagreb: Golden Marketing - Tehnička knjiga.

16) Danese, A., Moffitt, T. E., Harrington, H., Milne, B. J., Polanczyk, G., Pariante, C. M., Poulton, R., Caspi, A. (2009). Adverse childhood experiences and adult risk factors for age-related disease: depression, inflammation, and clustering of metabolic risk markers. Arch Pediatr Adolesc Med. Dec;163(12):1135-43.

17) Dasgupta, S. D. (2002). A framework for understanding women's use of nonlethal violence in intimate relationships—, Violence Against Women, 8: 1364-1389

18) DeKeseredy, W. S. (2009). Girls and women as victims of crime—, in Barker, J. (ed) Women and the criminal justice system: A Canadian perspective. Toronto: Emond Montgomery Publications, pp. 313-345

19) DeKeseredy, W. S. and Dragiewicz, M. (2009) Shifting public policy direction: Gender-focused versus bidirectional intimate partner violence. Report prepared for the Ontario Women‘s Directorate. Toronto: Ministry of Citizenship and Immigration

20) DeKeseredy, W. S. and Schwartz, M. D. (2011). Theoretical and definitional issues in violence against women, in Renzetti, C. M., Edleson, J. L. and Bergen R. K. (eds) Sourcebook on violence against women. Thousand Oaks: Sage, pp. 3-20

21) Dobash, R. P., & Dobash, R. E. (2004). Women's violence to men in intimate relationships working on a puzzle. British journal of criminology, 44 (3), 324-349.

22) Драшкић, М. (2011). Породично право и права детета, Београд.

23) Dutton, D. G. (2006). Rethinking domestic violence. Vancouver: University of British Columbia Press

24) Ellis, D. (1987). The wrong stuff: An introduction to the sociological study of deviance. Toronto: Collier Macmillan.

25) European Institute for Gender Equality (2017). Glossary of definitions of rape, femicide and intimate partner violence;

26) Fergusson, D. M., Horwood, L. J., & Ridder, E. M. (2005). Partner violence and mental healthoutcomes in a New Zealand birth cohort. Journal of marriage and family, 67 (5), 1103- 1119

27) Hearn, J. & McKie, L. (2010). Gendered and social hierarchies in problem representation and policy processes: Domestic violence in Finland and Scotland. Violence Against Women 16(2).136-158.

28) Hogan, K. (2016). Men’s experiences of female-perpetrated intimate partner violence: A qualitative exploration, докторат, Faculty of Health and Social Sciences, University of the West of England

29) Ignjatović, T. et. al. (2016). Korak ka boljoj zaštiti: priručnik za unapređenje koordiniranog odgovora nadležnih službi na nasilje prema ženama, Kikinda: Udruženje građanki/građana, Centar za podršku ženama

30) Игњатовић, Т. (2011). Насиље према женама у интимом партнерском односу: Модел координираног одговора заједнице. Београд: Реконструкција Женски фонд

31) Ишпановић-Радојковић, В., Игњатовић, Т., Вујовић, Р., Стевановић, И., Срна, Ј., Жегарац, Н. (2006). Приручник за примену Општег протокола за заштиту деце од злостављања и занемаривања, Дегрaпласт, Београд

32) Jambrešić, I. (2016). „Nasilje u romantičnim odnosima“, prvostupnički rad, Filozofski fakultet, Sveučilište J. J. Strossmayera u Osijeku, Osijek

33) Jeyaseelan, L., Laura S. Sadowski, Shuba Kumar, Fatma Hassan, Laurie Ramiro, and Beatriz Vizcarra. (2004). World Studies of Abuse in the Family Environment: Risk Factors for Physical Intimate Partner Violence. Injury Control and Safety Promotion 11, no. 2, 117–124.

34) Јовановић, С. (2008). Међународни оквири заштите од насиља у породици, Правни живот, бр. 9

35) Karakurt, G., Silver, K. (2014). Therapy for Childhood Sexual Abuse Survivors Using Attachment and Family Systems Theory Orientations, The American Journalof Family Therapy, 42:79-91

36) Kennedy-Bergen, R. (1995). Surviving Wife Rape: How Women Define and Cope With the Violence. Violence Against Women. 1, no.2, 117-138..

37) Kisaakye, P. (2006). Educational Attainment and Domestic Violence in Uganda. Legon: Regional Institute for Population Studies, University of Ghana

38) Кнежић, Б. (2010). Насиље над старима – друштвено и научно запостављено подручје. Журнал за криминалистику и право, Криминалистичко полицијска академија, бр.1

39) Константиновић, Вилић, С., Ристановић, Николић, В., Костић, М. (2009). Криминолгија, Ниш: Центар за публикације Правног факултета

40) Košarac, B., Ćorluka, B. (2018). Representations of themes from Sociology of Family in Sociološki pregled/ Sociological review (1938-2017). Sociološki pregled, vol. LII (2018), no. 1, 252–272

41) Ковачевић, Р. (2007). Правна медицина, Бања Лука: Правни факултет

42) Ковачек, Станић, Г. (2010). Породично право, Нови Сад.

43) Кривичен законик на РМ („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018)

44) Levy, B. (2008). Women and Violence. California: Seal Press

45) Loembe, D. (2020). Association between women’s level of education and their experience of intimate partner violence in Nigeria. Upsala University

46) Loseke, D. R. (2003). Thinking about social problems: An introduction to constructionist perspectives. (2nd ed). New York: Aldine DeGruyter.

47) Лукић, М. (2003). Криминолошка анализа насиља у породици (магистарска теза). Ниш: Правни факултет Универзитета у Нишу

48) Љубојев, Н. (2009). Злостављање детета у породици, Социјална мисао, вол. 16, бр. 1, стр. 63-77

49) Magdol, L., Moffitt, T. E., Caspi, A., Newman, D. L., Fagan, J., Silva, P. A. (1997). Gender differences in partner violence in a birth cohort of 21-years-olds: Bridging the gap between clinical and epidemiological approaches. J Consult Clin Psychol 65: 68-78.

50) Mamula, M., Ručević, S., Vukmanić, M., Zvizdić, M. (2013). Nasilje prepoznaj i spriječi (proživljeno iskustvo žena u teoriji i praksi). Sarajevo: Udruženje Žene ženama

51) Marium, S. (2014). Women's Level of education and its effect on domestic violence in rural Bangladesh. IOSR Journal of Humanities and Social Science (IOSR-JHSS) Volume 19, Issue 5

52) Milašin, A., Vranić, T. i Buljubašić Kuzmanović, V. (2009). Ispitivanje učestalosti verbalne agresije kod djece i mladeži. Život i škola, 22(2), 116-141.

53) Miletić-Stepanović, V. (2005). Violence against women as a risk for social transformation. Temida. Vol.8, No.3, 21-32.

54) Милић, А. (2001), Социологија породице, Чигоја, Београд

55) Milosavljević, M. (1998). Nasilje nad decom, Beograd: Fakultet političkih nauka

56) Minic V., Kompirovic, T. (2014). Funkcija i problem savremene porodice u vaspitanju dece ranog uzrasta. Zbornik radova Uciteljskog fakulteta, 8, 27-40

57) Мирчева С., Чачева В., Кениг Н. (2014). Глас за правда: истражувачки извештај, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, стр. 20

58) Nedimović, T., Biro, M. (2011). Faktori rizika za pojavu vršnjačkog nasilja u osnovnim školama. Primenjena psihologija, 4, 229-244.

59) Остојић, Е. (1999). Други поглед на свет- Не живјети са насиљем, Зеница: Медика

60) Owuamanam, T. O. & Akintoke, V. A. (2013). Influence of educational level and family type on domestic violence in Ekiti State, Nigeria. The Clute Institute International Academic Conference Breckenridge, Colorado USA.

61) Pearson, C. Harwin, N. Abrahams, H.(2006). Making an Impact: Children and Domestic Violence, Jessica Kingsley Publishers

62) Pejak-Prokeš, O. (2006). Nasilje u porodici. Glasnik Advokatske komore Vojvodine, 78(1-2), str. 46-58

63) Peters, J., Shackelford, T. K. and Buss, D. M. (2002). Understanding Domestic Violence Against Women: Using Evolutionary Psychology to Extend the Feminist Functional Analysis, Violence and Victims, 17(2): 255-264.

64) Petrušić, N., Konstantinović, Vilić, S. (2012). Vodič kroz sistem porodičnopravne zaštite od nasilja u porodici. Beograd: Autonomni ženski centar, Niš: Ženski istraživački centar za edukaciju i komunikaciju

65) Pitts, V . L. & Schwartz, M. D. (1993). Promoting self blame among hidden rape survivors, Humanity& Society, 17: 383–398.

66) Poredoš Lavor, D., Jerković, S. (2011). Nasilje nad muškarcima, Policija i sigurnost, 20 (3), 400-406

67) Rapp D., Zoch B., Mobarak M, Khan H, Pollmann T & Krämer A. (2012). Association between gap in spousal education and domestic violence in India and Bangladesh. BMC Public Health volume 12, 467

68) Rusac, S. (2006). Nasilje nad starijim osobama. Ljetopis socijalnog rada. 13 (2), 331-346

69) Shrader, E. (2001)―Methodologies to Measure the Gender Dimensions of Crime and Violence.― Washington: Gender Unit, Latin America and the Caribbean Region: The World Bank

70) Симић, И. (2012). Дискурси о породичном насиљу и наративи жена жртава партнерског насиља Докторска дисертација. Београд: Универзитет у Београду, Филозофски факултет

71) Simović, M. N., Simović, V. M. (2020). Porodično nasilje u Bosni i Hercegovini: pojam, uzroci i pravni standardi, Sokolac: Nasilnički kriminalitet – seksualna delinkvencija i nasilje u porodici, JZU Zavod za forenzičku psihijatriju, 146.

72) Srivastava, J. (2016). Domestic Violence against Men, International Journal of Science and Research (IJSR), 5 (1), 1193-1196

73) Stark, E. (2007). Coercive control: How men entrap women in personal life. New York: Oxford University Press.

74) Tjaden, P. & Thoennes, N. (2000). Extent, nature, and consequences of intimate partner violence: Findings from the National Violence Against Women Survey

75) Вилотијевић, Н. (2000). Породична педагогија, Београд: Папирус

76) Walker, M. E. (2007). Because it is my heart: A qualitative case study of the influence of spirituality and creativity in the recovery of a mother and daughter from childhood sexual trauma. Unpublished doctroal dissertation, Texas A & M, Corpus Christi, Texas.

77) World Health Organization (2002). World report on violence and health. World Health Organization. Geneva.

78) Yoon, J. E. & Lawrence, E. (2013). Psychological victimization as a risk factor for the developmental course of marriage. Journal of Family Psychology, 27 (1), 53.

79) Закон за семејство на РМ (Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21)

80) Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

81) Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

82) Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

83) Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

84) Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

85) Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник бр. 24, од 29.01.2021 (член 3)

86) Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија. (2007). Скопје: Живот во сенка,

87) Žarković Palijan, T. (2004). Značajke osobnosti alkoholičara počinitelja i nepočinitelja kaznih djela, doktorska disertacija, Medicinski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

88) Žegarac, N. (2004). Deca koja čekaju – izazovi i trendovi profesionalne prakse u zaštiti dece od zlostavljanja. Beograd, Save the children UK, Centar za prava deteta

89) Жегарац, Н. (2006). Деца која чекају. Београд: Colografx

90) Žužul, M. (1989). Agresivno ponašanje. Penološke teme, Zagreb, 1; 123 - 144.

91) Шепаровић З., (1988). Насиље у обитељи: појаве, узроци, решења, Дубровник: Југословенско виктимолошко друштво

92) https://vidivaka.mk/istrazuvanja/zivot-bez-strav-od-nasilstvo/, пристапено на 01.07.2022

93) https://journals.plos.org/plosone/article?id=10.1371/journal.pone.0225412, пристапено на 14.11.2022

94) https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016804e91bc, пристапено на 14.11/2022

95) https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-6-2006-0038_EN.html?redirect, пристапено на 14.11.2022

96) https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-7-2011-0127_EN.html?redirect, пристапено на 14.11.2022

97) https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-7-2014-0126_EN.html?redirect, пристапено на 15.11.2022

98) https://www.objnursing.uff.br/index.php/nursing/article/view/5380/html, пристапено на 14.11.2022

99) https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-civil-and-political-rights, пристапено на 14.11.2022

100) https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-economic-social-and-cultural-rights, пристапено на 14.11.2022

101) https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights, пристапено на 14.11.1022

Прилог 1: Анкетен прашалник

Почитувани,

Овој анкетен прашалник е направен за потребите на мојот магистерски труд. Тој е анонимен, при што Ви ја гарантирам целосната тајност на Вашите податоци. Добиените резултите ќе бидат анализирани исклучиво само од моја страна на начин на кој ќе биде невозможно да се идентификува која било учесничка во истражувањето.

Однапред Ви се заблагодарувам за одвоеното време и трпението за учество во ова истражување.

Анкетниот прашалник е составен од тврдења на кои Вие треба да го заокружите одговорот кој е одраз на Вашето мислење. Притоа, бирате една од можностите:

1 - воопшто не се согласувам

2 - не се согласувам

3 - ниту се согласувам, ниту не се согласувам

4 - се согласувам

5 - сосема се согласувам

Со почит,

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

1. Пол:

- машки
- женски

2. Возраст:

- 20-35
- 36-50
- 51-65
- >65

3.Степен на образование:

- без образование
- основно училиште
- незавршено основно училиште

- средно училиште
- незавршено средно училиште
- факултет
- незавршен факултет
- друго (наведете) _____

4. Статус на вработеност:

- Невработена
- Вработена

5. Место на живеење:

- градска средина
- рурална средина

6. Дали во примарното семејство (во детството) бевте изложени на насилство?

а) Да б) Не (преминете на прашање број 8)

7. Од кој член на семејството доживеавте семејно насилство?

- Мајка
- Татко
- Брат
- Сестра
- Друго _____

8. Степен на образование на родителот (мајката) на жртвата на семејно насилство:

- без образование
- основно училиште
- незавршено основно училиште
- средно училиште
- незавршено средно училиште
- факултет
- незавршен факултет
- друго (наведете) _____

9. Степен на образование на родителот (таткото) на жртвата на семејно насилство:

- без образование
- основно училиште
- незавршено основно училиште
- средно училиште
- незавршено средно училиште
- факултет
- незавршен факултет
- друго (наведете) _____

10. Во каков однос сте со насилникот?

- Брачен партнер
- Вонбрачен партнер
- Поранешен брачен партнер
- Поранешен вонбрачен партнер
- Интимен пријател
- Поранешен интимен партнер
- друго _____

11. Степен на образование на насилникот?

- без образование
- основно училиште
- незавршено основно училиште
- средно училиште
- незавршено средно училиште
- факултет
- незавршен факултет
- друго (наведете) _____

12. На каков вид на насилство сте биле изложени (можете да заокружите повеќе понудени одговори)?

- Физичко насилство

- Психичко насилство
- Сексуално насилство
- Економско насилство

13. Колку време трае насилниот однос?

- еден месец
- 1 година
- 2 - 5 години
- 6 -10 години
- повеќе од 10 години
- друго _____

13. Од кого сè сте побарале помош за да се справите со семејното насилство?

- Полиција
- Невладина организација
- СОС телефон
- Центар за социјални грижи
- Роднини
- Пријатели
- Друго _____